# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НОВАЦИ

www.opstinanovaci.gov.mk
opstina@opstinanovaci.gov.mk

**22.12.2025 година**
**БРОЈ 4/2025 НОВАЦИ**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за усвојување на Нацрт - Буџетот на Општина Новаци за 2026 година**

1. Се прогласува, Одлука за усвојување на Нацрт - Буџетот на Општина Новаци за 2026 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 15.12.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.
Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот

08-953/2
18.12.2025
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци” бр. 07/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 15.12.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Нацрт - Буџетот на Општина Новаци за 2026 година**

Член 1

Со оваа Одлука, се усвоијува Нацрт - Буџетот на Општина Новаци за 2026 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

14-921/4
15.12.2025
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување План на програма за развој Општина Новаци за период од 2026 -2028 година**

1. Се прогласува, План на програма за развој Општина Новаци за период од 2026 -2028 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 15.12.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-953/3 — Општина Новаци
18.12.2025 — Градоначалник
Новаци — Стевче Стевановски

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | Изградба и реконструкција на локални патишта,улици и патишта | Ознака на буџетска/општинска програма | ЈД |
| Развојна потпрограма | Изгр. на нов. улици,согласно урбанистички план | Ознака на развојна потпрограма | ЈДА |
| Лице за контакт | Димитровска Оливера | Тел. и телефакс | 047/203060 |
| Функција: | Раководител на одде.за финансиски прашања | Е-маил | |

| | ОПИС |
|---|---|
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Изградба на улица во индустриска зона |
| Планирани активности | Изградба на улици |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Очекувани резултати / ефекти | Достапност со индустриски дел | | | | |
| Ризик и претпоставки | Непредвидливи расходи,временски услови | | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | 1.3.2026 | | | | |
| Датум на завршување на проектот | 31.12.2028 | | | | |
| Вкупна вредност | 42745065 | | | | |
| Име на студија | | | | | |
| Ниво на студија* | ГП | | | | |
| Автор/Фирма, седиште | Гим | | | | |
| Датум на изготвување на проектна документација | | | | | |
| | | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | | | 3.886.908 | 23.613.092 | 15245065 |

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (с

ИП = Идеен проект

ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити студија

ФС=Физибилити студија

## ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| | | Динамика на финансирање | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Извор на финансирање** | **Статус на финансирање*** | **Вкупен износ на проектот во МКД** | **Потрошено заклучно со 31/12/2024** | **Предвидени расходи за 2025** | **2026** | **2027** | **2028** | **По 2028 година** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Буџет (637) | | | | | | | | |
| Буџетско учество | | | | | 3.886.908 | 23613092 | 15245065 | |
| ДДВ | | | | | | | | |
| Самофинансирање (787) | | | | | | | | |
| Вкупни донации | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Име на донатор** | | | | | | | | |
| Вкупни заеми | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Име на кредитор** | | | | | | | | |
| Други извори на финансирање *** | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | |

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

*** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.*

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот ( локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)*

## Приходи

| Приходно конто | Назив | 787 | | | 786 | | | 785 | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 |
| | | 15.000.000 | 20.000.000 | 7.745.065 | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | Вкупно | 15.000.000 | 20.000.000 | 7.745.065 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## Расходи

| | 630 | | | 787 | | | 786 | | | 785 | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Расходна ставка | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 |
| 40 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 401 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 402 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 403 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 404 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 41 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 411 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 412 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 413 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 414 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 42 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 420 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 421 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 423 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 424 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 425 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 426 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 427 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 43 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 431 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 432 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 433 | | | | | | | | | | | | | | | |

| Расходи | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 630 | | | 787 | | | 786 | | | 785 | | | Вкупно | | |
| Расходна ставка | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2027 | 2028 |
| 44 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 441 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 442 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 443 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 444 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 45 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 451 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 452 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 453 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 46 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 461 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 462 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 463 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 464 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 465 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 47 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 471 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 472 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 473 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 474 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 48 | 15000000 | 20000000 | 7745065 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 481 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 482 | 15000000 | 20000000 | 7745065 | | | | | | | | | | | | |
| 483 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 484 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 485 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 486 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 487 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 488 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 489 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 49 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 491 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 492 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 493 | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | ######### | ######### | 7.745.065 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување Програма за животна средина на Општина Новаци за 2026 година**

1. Се прогласува, **Програма за животна средина на Општина Новаци за 2026 година,** што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 15.12.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-953/4 Општина Новаци
18.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

# ПРОГРАМА

ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ОПШТИНА НОВАЦИ
ЗА 2026 ГОДИНА

## I. Стратешка цел

Програмата за животна средина на Општина Новаци за 2026 година има за цел да обезбеди системски, координирани и одржливи активности за заштита и унапредување на животната средина, усогласени со националното законодавство и европските стандарди. Стратешката ориентација е насочена кон подобрување на квалитетот на живот, намалување на загадувањето и поттикнување на еколошки свесни практики кај граѓаните и институциите.

## II. Цели на програмата

### Општа цел:

- Обезбедување еколошки одржлив развој преку практични, финансиски изводливи и долгорочни решенија во управување со природните ресурси и заштита на животната средина.

### Специфични цели:

1. **Редовна системска контрола и мониторинг** на квалитетот на животната средина (воздух, вода, почва, бучава).
2. **Превентивно планирање**, преку изработка на Елаборати за животна средина, Студии за оцена на влијание и Стратешки оценки.
3. **Развивање на стратешка еколошка документација** (Катастар на животната средина, Регистар на загадувачи и др.).
4. **Унапредување на системот за управување со отпад**, вклучително и рециклирање, редуцирање и реупотреба.
5. **Планирање и проширување на зелените површини**, пошумување и хортикултурно уредување на општината.
6. **Подигање на јавната еколошка свест** преку активности, кампањи, едукативни програми и вклучување на младите.
7. **Поддршка на мерки за подобрување на енергетската ефикасност**, трансформација кон обновливи извори на енергија и намалување на емисиите.

---

## III. Предмет на програмата

Во текот на 2026 година, Општина Новаци ќе ги реализира следните групи активности:

---

## 1. Мониторинг, анализа и информирање за квалитетот на животната средина

- Следење на квалитетот на амбиенталниот воздух и влијанијата од поединечни извори на емисии.
- Следење на квалитетот на водите и отпадните води.
- Следење на нивото на бучава во урбани и чувствителни зони.
- Годишно систематизирање на податоците за животната средина и редовно информирање на јавноста.
- Подготовка и испраќање на извештаи за квалитетот на амбиенталниот воздух барем еднаш месечно

---

## 2. Изработка на еколошка документација

- Изработка на:
  - Елаборати за животна средина
  - Студии за оцена на влијанието врз животната средина
  - Стратешки оценки при донесување урбанистички планови
- Изработка на Катастар на животна средина.
- Изработка на ЛЕАП
- Изработка на Локален акциски план за управување со отпад- ЛАП
- Ажурирање на Регистер на загадувачи за 2026 година.

---

## 3. Управување со отпад

- Понатамошно подобрување на системот за собирање и транспортирање отпад.
- Проширување со нови садови за селекција и примарна селекција на отпад во населените места.
- Чистење на диви депонии и воспоставување систем за нивно превенирање.
- Спроведување на кампањи за селектирање и рециклирање.
- Продолжување на процесот за формирање заедничко регионално јавно комунално претпријатие (со Пелагониски и Југозападен регион).

---

## 4. Зелени површини, пошумување и хортикултура

- Подигање нови зелени површини во населени места.
- Рекултивација на запуштени простори и нивно претворање во парковски и зелени површини.
- Набавка на саден материјал (пролетна и есенска сезона).
- Масовни акции за пошумување во делови зафатени со ерозија и пожари.

---

## 5. Обележување на денови од ЕКО календарот

- Ден на планетата Земја

- Ден на дрвото
- Ден на екологијата
- Ден на заштита на водите
- Ден за борба против пушењето
- Учество во **GENERALKA WEEKEND**
- Активности во соработка со училиштата и здруженија на граѓани

### 6. Еколошка едукација за ученици и заедницата

- Организирање работилници, предавања и практични активности во основните училишта.
- Едукативни акции за селектирање на отпад, заштита на водите, чист воздух, заштита на биодиверзитет.
- Вклучување на младите во еко-патролни и волонтерски акции.
- Отворање на едукативен центар за едукација во областа на енергетската ефикасност на територијата на Општина Новаци

---

### 7. Мерки за намалување на прашината и загадувањето при градежни активности

- Обврска за прскање и навлажнување на улиците и градилиштата.
- Миење на тркалата на товарните возила и земјоделската механизација при излез од градилишта и земјоделските површини.
- Следење на почитување на мерките од страна на инвеститорите.

---

## IV. Специфични активности за 2026 година

### Воздух и енергетска ефикасност

- Субвенции за набавка на инвертер клима уреди - Вредност : 500.000,00 денари
- Поддршка за поставување соларни колектори и бојлери во домаќинствата.
- Субвенционирање за енергетски ефикасни фасади во домаќинствата и училиштата.
- Изградба на велосипедски и пешачки патеки.
- Стимулирање на фотоволтаични системи во јавни и приватни објекти.
- Изградба на Smart парк во Новаци кај спортско – рекреативната патека Новаци – манастир на Рождество на Пресвета Богородица.
- Инсталација и пуштање во употреба на термо-пумпа во ЦОУ „Славко Лумбарковски“ Новаци.
- Поставување на фотоволтаици на покривот на општинската зграда

---

### Отпад

- Чистење на диви депонии на повеќе локации.
- Организирани акции со училишта и месни заедници.
- Пилот активности за започнување со селекција на отпад

## Води

- Продолжување на активностите за изградба на пречистителни станици во Новаци и Добромири.
- Уредување канали и собирање растителни остатоци за енергетско искористување.

## Почва

- Пошумување на голи и пожарно загрозени површини во повеќе населени места.
- Засадување на садници ( костен, јавор) кај спортско рекреативната патека Новаци

## V. Финансиски извори за реализација на програмата во 2026 година

- **Буџет на Општина Новаци**
- **Министерство за животна средина и просторно планирање -** Програма за искористување на фосилни горива – финансиски придонес од **4.901.432 денари** ( средствата ќе се искористат за изградба на плоштад кај спортско рекреативната патека во Новаци)
- **Проектни извори и донаторски програми**
- **Можни европски и регионални фондови**
- **Јавни претпријатија и приватни партнери**

# АКЦИОНЕН ПЛАН СО ИНДИКАТОРИ

за Програмата за животна средина на Општина Новаци – 2026 година

## 1. Табела: Цели, активности, индикатори и носители

| Бр. | Стратешка/Специфична цел | Активност 2026 | Индикатори за успех | Носител / Партнери | Рок | Финансиски извор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите | Субвенции за замена на печки со инвертер клима-уреди | - број на одобрени субвенции<br>- намалени емисии на PM10 | Општина Новаци | 2026 | Општина, МЖСПП |
| 2 | Зголемување на енергетска ефикасност | Субвенции за сончеви колектори | - број поставени соларни системи | Општина Новаци | 2026 | Општина, донатори |

| Бр. | Стратешка/Специфична цел | Активност 2026 | Индикатори за успех | Носител / Партнери | Рок | Финансиски извор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | и бојлери | | | | |
| 3 | Енергетска ефикасност на јавни објекти | Поставување термопумпа во ЦОУ „Славко Лумбарковски“ | - инсталирана опрема<br>- намалени трошоци | Општина | 2026 | Буџет, МОН |
| 4 | Одржливо транспортно движење | Субвенции за велосипеди и изградба велосипедски патеки | - број на субвенционирани велосипеди<br>- километри изградени патеки | Општина | 2026 | Општина, донации |
| 5 | Подобрување на управувањето со отпад | Чистење диви депонии на критични точки | - број исчистени локации<br>- количина отстранет отпад | ЈКП, Општина | 2026 | Општина, МЖСПП |
| 6 | Подобрување на водите | Изградба на две пречистителни станици (Новаци, Добромири) | - завршена документација<br>- % изведба на работи | Општина, МЖСПП | 2026 | Државни средства, донатори |
| 7 | Подобрување на хидросистеми | Чистење и уредување на канали | - дужина исчистени канали | Општина | 2026 | Општина |
| 8 | Пошумување и зелени површини | Акција за пошумување во сите населени места | - број нови садници<br>- хектари пошумени | Општина, ЈКП, училишта | 2026 | Општина, донации |
| 9 | Еколошка едукација | Едукации во основни училишта за екологија | - број реализирани предавања<br>- вклучени ученици | Општина, училишта | 2026 | Општина |
| 10 | Подигнување јавна свест | Обележување на денови од ЕКО календарот, учество во Generalka Weekend | - број организирани активности<br>- број учесници | Општина, НВО | 2026 | Општина |

| Бр. | Стратешка/Специфична цел | Активност 2026 | Индикатори за успех | Носител / Партнери | Рок | Финансиски извор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Намалување на прашина | Обврски за прскање/чистење на градилишта | - број инспекциски надзори | Инспекција | 2026 | Општина |
| 12 | Документи за животна средина | Изработка на LEAP 2026–2031 | - усвоен LEAP | Општина | 2026 | Општина |
| 13 | Регистар и Катастар на загадувачи | Подготовка и ажурирање | - финален регистар<br>- јавна достапност | Општина | 2026 | Општина, МЖСПП |

---

# 2. Индикатори по области

### Воздух

- PM10 концентрација – годишен просек
- Број домаќинства со енергетски ефикасни системи
- Број почистени оџаци на годишно ниво

### Отпад

- Број исчистени диви депонии
- Процент селектиран отпад
- Број нови контејнери/садови

### Води

- % реализација на пречистителни станици
- Број исчистени и уредени канали
- Квалитет на површински води (индекс)

### Почва / Зеленила

- Број садници засадени во 2026
- Процент на преживеани садници по сезона
- Хектари нови зелени површини

### Едукација и јавна свест

- Број реализирани работилници во училишта
- Број учесници во еко-акции
- Број на објави/информативен материјал

# 3. Краток Акционен план (по месеци)

| Месец | Активности |
|---|---|
| Јануари – Февруари | Планирање, подготовка LEAP, набавки, подготовка за субвенции |
| Март | Почеток на пролетно пошумување, едукации во училишта |
| Април | Ден на планетата Земја – голема ЕКО акција; Generalka Weekend |
| Мај – Јуни | Чистење канали; реализација на субвенции; инспекции за градилишта |
| Јули – Август | Интензивни активности за отпад; подготовка инфраструктура за пречистителни станици |
| Септември | Есенско пошумување, уредување зелени површини |
| Октомври | Дан на дрвото, кампањи за одржливи навики |
| Ноември | Мониторинг и мерење на индикатори |
| Декември | Завршен извештај за реализација на Програмата, планирање за 2027 |

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување Програма за активностите на Општина Новаци**
**во областа на Локалниот економски развој во 2026 година**

1. Се прогласува, Програма за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2026 година**,** што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 15.12.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-953/5 Општина Новаци
18.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. весник на РМ,, бр. 5/2002 и ,,Сл. весник на РСМ,, бр. 202/24 ), член 21 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Новаци (,,Сл. гласник на Општина Новаци,, бр. 7/2019 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 15.12.2025г., донесе

# ПРОГРАМА

## за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2026 година

**Вовед**

Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој се подготвува и се усвојува врз основа на надлежностите на локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Статутот на општина Новаци, други позитивни законски одредби и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи. Според членот 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа се уредува: локалниот економски развој, планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство“.
Општините со Законот за локална самоуправа од 2002 година, имаат надлежност и улога да го водат и спроведуваат планирањето на локалниот економски развој, покрај приватниот сектор како главен двигател на локалниот економски развој.

Со оваа Програма се утврдуваат развојните приоритети на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во текот на 2026 година. Активностите предвидени со оваа програма претставува дефиниран збир на проекти кои ќе бидат насочени кон континуиран одржлив развој и подобрување на животниот стандард на жителите на општина Новаци: создавање на услови за поткнување на локалниот економски развој, поддршка на проекти и активности кои придонесуваат за подобрување на локалниот и руралниот развој и меѓуопштинска и меѓународна соработка.

Во 2026 година во областа на локалниот економски развој одделението за Локален економски развој и јавни дејности согласно надлежностите ќе продолжи со директна реализација на веќе започнатите проекти и со аплицирање на нови. Во текот на 2026 година активно ќе се работи на изработување на документација за нови проекти, но и апликација на постоечките кон отворените повици како од Владата и надлежните министерства и институции, така и кон меѓународните отворени фондови и програми наменети за развој на општините.

Сите активности на Општина Новаци ќе бидат во согласност со Стратегијата за ЛЕР 2023-2028 година. Преку нејзината реализација ќе се имплементираат голем број на проекти во насока на подобрување на понудата на Општина Новаци како дестинација за рурален туризам, развој на локалната економија преку подобрување на општите услови за развој и подобрување на инфраструктурата и подготовка на јавните објекти за подобра искористеност кон госпоменатите цели.

**Основна цел**

Основна цел на Програмата е да се даде придонес на локалниот економски развој преку реализација на планираните активности согласно развојните стратешки определби на Општина Новаци.

**Генерална цел на програмата**

Континуиран развој на капацитетите на Општина Новаци за привлекување инвестиции, намалување на невработеноста преку развој и реализација на проекти, како и промоција на општината. Активна имплементација на добиените и аплицирање на нови проекти од домашни и меѓународни фондови. Следење и имплементација на стратегиите за развој на Општина Новаци и останатите статешки документи.

**Специфични цели на програмата**

Динамичен локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции и овозможување добра бизнис клима за развој на јавните приватни партнерства. Искористување на расположиви домашни и меѓународни фондови. Континуирано подобрување на енергетската ефикасност. Зајакнување на административните капацитети за стандарди, обуки и тренинзи за имплементација на проекти. Зајакнување на капацитетите за бизнис и туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план.

**Носители на програмските активности**

Носител на Програмата за Развој е Одделението за комунални дејности, сообраќај, урбанизам, заштита на животна средина и локален економски развој на Општина Новаци кое во соработка и координација со Градоначалникот а разгледана и одобрена од Советот на Општина Новаци ја изготви оваа Програма и истите ќе бидат одговорни за реализација на програмските активности.

**Очекувани резултати од Програмата за локален економски развој на Општина Новаци за 2026 година**

1. **Подобрена локална инфраструктура**
    - Реконструирани и унапредени локални патишта и јавни површини кои директно ќе придонесат за подобрување на условите за живот и за олеснет пристап до економските зони и земјоделските површини.
    - Подобрена комунална инфраструктура (водовод, улично осветлување, јавна чистота) со цел создавање поповолна бизнис-клима.
2. **Поттикнат развој на малите и средни претпријатија (МСП)**
    - Зголемена поддршка за локалните бизниси преку субвенции, обуки, промотивни активности и подобрена комуникација помеѓу општината и приватниот сектор.
    - Пораст на бројот на регистрирани МСП кои користат општински мерки за развој.
3. **Јакнење на земјоделскиот сектор**
    - Подобрени услови за земјоделските производители преку техничка поддршка, едукации, инфраструктурни подобрувања и поврзување со пазарите.

- Подигната конкурентност на локалните земјоделски производи и зголемена подготвеност на производителите за користење национални и меѓународни фондови.

4. **Подобрен инвестиционен амбиент**
   - Креирани услови за привлекување нови инвеститори преку јасна промоција на општинските потенцијали, транспарентни процедури и современи услуги за бизнис-секторот.
   - Зголемен број на започнати инвестиции и партнерства со приватниот сектор.
5. **Развој на туристички потенцијали**
   - Поставена основа за развој на рурален, еко и културен туризам преку мали инфраструктурни интервенции, промотивни материјали и настани за афирмација на локалните вредности.
   - Зголемена посетеност на општината и развој на локални туристички понуди.
6. **Отворени нови можности за вработување**
   - Индиректно зголемување на бројот на работни места како резултат на поддршка на МСП, инвестиции, развој на земјоделието и туризмот.
   - Подобрена усогласеност на потребите на локалниот пазар на труд со понудените обуки и развојни програми.
7. **Зголемена транспарентност и учество на граѓаните во развојните политики**
   - Воведување на редовни консултации со граѓаните и стопанството за креирање приоритети и следење на резултати.
   - Објавување на извештаи и индикатори за реализацијата на програмата.

**Програмски активности**

Проектите на Општина Новаци во областа на локалниот економски развој ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети. За реализација на активностите во 2026 година, предвидените активности, генерално можат да се групираат во следниве поглавја:

1.Поддршката на Локалниот економски развој на Општина Новаци
2.Финализација на започнатите проекти
3.Развој на земјоделството
4.Изработка на стратешки документи
5.Изградба на патна инфраструктура
6.Меѓуопштинска соработка
7.Потикнување на развој на туризмот во Општина Новаци
8.Меѓународна соработка
9.Прекугранична соработка
10.Екологија, обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност
11.Поддршка на регионалниот економски развој
12. Проект – Јавни работи
13.Транспарентна општина и информирање и едукација на јавноста за придобивките и одговорноста на граѓаните во единицата на локална самоуправа преку креирање на одржлив систем на комуникација и комуникациски менаџмент
14.Други оперативни расходи и договорни услуги
15. Плаќање на членарина на ЗЕЛС , АЛДА , ЦРППР и други здруженија и асоцијации во кои членува и со кои соаботува општина Новаци.
16.Поддршка на земјоделците за искористување на средствата од ИПАРД
17.Урбанистичко планирање и градежно земјиште

## РЕЗИМЕ НА АКТИВНОСТИТЕ

**1.Поддршката на Локалниот економски развој на општина Новаци планира да се реализира преку следните активности:**

-Проект Индустриска зона во Новаци
-Промоција на Општина Новаци и привлекување на домашни и странски инвестиции
-Изградба на фотоволтаични централи во Општина Новаци
-Подготовка на проекти согласно стратешките документи и годишните програми на општината за аплицирање пред домашни и меѓународни фондови;
-Партиципација односно сопствено учество на Општина Новаци при аплицирање и реализација на проекти од ЕУ фондови, државни фондови, институции, и други донатори;
-Соработка на Општина Новаци со општините од регионот и со други општини во подготовка и реализација на заеднички проекти и активности;
-Изработка на потребна техничка документација која е неопходна за аплицирање на проекти до отворени повици на програмите за развој на домашни фондови и преку програмите за развој на Европската Унија и други меѓународни фондови;

**2.Финализација на започнатите проекти**

-Поддршка на Пелагонискиот плански регион и учество во подготовка на стратегии и програми за развој како и партиципација односно сопствено учество на Општина Новаци при аплицирање и реализација на регионални проекти во рамките на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион ЦРППР согласно Законот за Рамномерен Регионален Развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој ;

-Поддршка за развој на МСП и претприемаштво. Малите и средни претпријатија претставуваат движечка сила на економскиот развој. Поддршката и развој на МСП и претприемаштвото ќе се реализира преку:Обуки на бизнис секторот, поддршка на МСП за усовршување и сертифицирање, поддршка на МСП за учество на саеми и промоција.
Вкупниот буџет за оваа ставка изнесува 50.000,00 средства од Буџетот на Општина Новаци.

**3.Развој на земјоделството**

Земјоделството и аграрната политика се меѓу главните приоритети на Општина Новаци. Селото и земјоделското производство отсекогаш било стожер и чувар на нашите темелни вредности. Земјоделството има и сериозно економско значење и потенцијал за поголем развој.

Ќе имаме отворен дијалог со земјоделците за решавање на нивните проблеми во делот за кој е надлежна општината. Ќе посветиме особено внимание кон оваа стопанска гранка затоа што е една од најзначајните за нашата општина и со проектите што ќе ги реализираме, ќе го подобриме животот на нашите земјоделци.

- Систем за наводнување од акумулацијата Суводол
- Изградба на бушотини - 10 мил. денари
- Изградба на секундарна мрежа во Живојно и Бач – 22 мил. денари
- Изградба на примарна водоводна мрежа Бач – Брод – 2 милиони денари
- Изградба на полски патишта – 2 милион денари
- Редовно прочистување на одводните и доводните канали покрај река Црна низ Новачко поле
- Поддршка за формирање на земјоделски задруги
- Изградба на водопоило и санација на постоечките во селата: Живојно, Долно Орехово, Бач и Гермијан

Буџет на оваа активност: 36 милиони денари

**4.Изработка на стратешки документи**

-Изработка на Стратегија за Локален акционен еколошки план ЛЕАП
-Изработка на стратегија за Рурален Развој
- Изработка на стратегија за Рурален Алтернативен туризам

**5.Изградба на патна и друг вид на инфраструктура**

- Изградба и асфалтирање на три новопланирани улици во Индустриска Зона Новаци - 42 милиони денари
- Изградба на водоводна, атмосферска и фекална канализација на новопланирана ул.во Индустриската зона Новаци - 32.983.627,00
- Реконструкција на рекреативниот парк на река Коњарка, Скочивир – 2 мил денари
- Осветлување на влезовите во селата: Горно и Долно Агларци и Далбеговци – 3 милиони денари
- Изградба на дел од канализациона мрежа и пречистителна станица во село Добромири – 10 мил. денари
- Ново модерно сообраќајно решение и реконструкција на тротоари во село Новаци – 22.000.000,00 денари
- Поставување на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација во Новаци – 1,5 мил денари
- Поплочување на платото кај манастирот Рождество на Пресвета Богородица Новаци – 1,5 милион денари
- Изградба на отворен пазар во Новаци – 15.300.000,00 денари
- Изработка на основен проект за пречистителна станица во Новаци и нејзина изградба – 31 милион денари
- Програма за асфалтирање на патишта и улици – 5 милиони денари
- Програма за субвенционирање на јавни комунални претпријатија по други основи – 7.800.000,00 денари
- Програма за јавна чистота - 6.000.000,00 денари
- Ревизија на проекти - 1,5 мил. денари
- Изградба на мост, плоштад, и пешачка патеказа поврзување на спортско – рекреативна патека Новаци со манастирот Рождество на Пресвета Богородица Новаци – 6.000.000,00 денари
- Изградба на осветлување на SMART парк кај спортско рекреативната патека во Новаци – 2.790.000,00 денари

Буџет: 190. 373.627,00 денари

**6.Меѓуопштинска соработка**

Во областа на меѓуопштинската соработка Општина Новаци во 2026 година ќе продолжи да соработува со општините од регионот и со општините од Р.Македонија , со кои ќе учествува во подготовка и реализација на заеднички проекти и активности, размена на занења, искуства и кадри во различни сфери од своето работење.

**7.Потикнување на развој на туризмот во Општина Новаци**

Општина Новаци во делот за поттикнување на развојот на туризмот ќе се насочи кон активности во различни подрачја на делување, а со цел создавање на соодветни услови за

искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани согласно стратешките документи и усвоените приоритети. За таа цел се предвидуваат следните активности:

-Изработка на основен проект за ЗИПЛАЈН Рапеш – Груништа – 1.230.000,00 денари

-Претставување на Општина Новаци на домашни и меѓународни саеми.

-Организирање на „Фестивалот на жетвата“ – 1.000 000 денари

-„Фестивалот на жетвата“ е манифестација која во 2026 година ќе се одржи по 5 пат. За прв пат се одржа во 2022 година во месец јули во Општина Новаци, како рурална општина каде се наоѓаат најголемите производители на храна во нашата држава. Токму затоа со оваа манифестација сакавме да ја афирмираме општината и нејзините ресурси како многу важна алка која придонесува за производството на храна и развој на економијата во државата во услови на светска криза.

-„Фестивалот на жетвата“ е дводневен саем на кој учество земаат педесеттина изложувачи и тоа на: разни видови земјоделска механизација, земјоделски препарати, семиња и пестициди, продажба на осигурување за земјоделците, обезбедување информации за разни кредити за набавка на земјоделска механизација, локални производи и домашна традиционална храна, мед и производи од мед, млечни производи, ракотворби, минерална вода, разни видови на домашна храна произведена на овие простори и слично.

- „Музички излет во природа“ кај спортско рекреативниот парк на река Коњарка, Скочивир – 250 000 денари

-Подготовка и дизајн на промотивен материјал на македонски и странски јазик за привлекување на туристи и посетители во Општина Новаци – 200.000,00 денари

-Продлабочување на соработката со збратимените општини со фокус на можностите за развој на разните видови туризам и економијата воопшто.

-Креирањето и збогатувањето на туристичкиот потенцијал и понудата со посебен акцент на алтернативниот рурален туризам преку организирање на промотивни активности од различни области, (спортско–рекреативни, културни, кулинарски, традиционални и сл. настани), до подобрување на условите за понатамошен развој на туризмот.

-Промоција на алтернативни форми на туризам – како можност за создавање на дополнителни приходи во општината и нови вработувања за мажите и жените.

Други форми на активности со кои се помага развојот на туризмот и промоцијата на Општина Новаци се следните:

- Обезбедување сместувачки капацитети на територијата на општина Новаци со средства од меѓународни фондови и донатори за домашните и странските туристи како и за учесниците на одделни манифестации и активности во организација на општината.

-Организирање протоколарни и промотивни средби при одржување манифестации и реализирање на разни активности од областа на промоција и развој на туризмот и други активности во општината.

-Изработка на физибилити студија за развој на алтернативниот, руралниот , меморијалниот туризам на територијата на Општина Новаци.

-Поставување на табли, патокази, обележување на туристички патеки

-Туристички инфо центар во склоп на Општина Новаци

-Развој на руралниот туризам преку користење на ЕУ фондови

- Партерно уредување на шумска патека од с. Зовиќ до мостот – 3,2 милиони денари

- Уредување на капалиште во селата Зовиќ и Градешница

- Изградба на летниковец во с.Градешница – 200.000,00 денари

- Мариово –Едукативна ексурзија за деца од основните училишта

- Инфо тура за туристички агенции

- Кампување во Мариово со астроучилница за деца и возрасни

- Реконструкција на старата училишна зграда во село Градешница и пренамена во Музеј со дигитални поставки – 12.500 000, 00 денари

- Трасирање на патека и нејзина изградба со уредување на реката кај мостот во Зовиќ, нејзино осветлување – 3 милиони денари
Буџет: 10.330.000,00 денари

**8.Меѓународна соработка**

Во областа на меѓународната соработка Општина Новаци во 2026 година ќе се насочи кон продлабочување на воспоставената соработката со збратимените општини како и проширување на соработката со нови партнери преку :

-Организирани посети на претставници од Општина Новаци во збратимени општини а со цел размена на искуства и заедничка подготовка на апликации.

- Организирање на меѓународни средби и престој на делегации во Општина Новаци и наши делегации во странство

- Учество на разни програми со проекти од различни донатори

Буџет: 600.000,00 денари

**9.Прекугранична соработка**

Во делот на прекуграничната соработка, одделението за Локален економски развој ќе оствари средби со партнери од грчка и албанска страна,наши досегашни партнери со кои сме реализирале проекти од ИПА програмата за прекугранична соработка од новиот програмски период 2021-2027 со цел остварување на нови партнерства и аплицирање на нови проекти од посочените програми.

Партиципација односно сопствено учество на Општина Новаци при аплицирање и реализација на проекти од ЕУ фондови, државни фондови, институции, и други донатори;
Аплицирани се и добиени три проекти и тоа: еден во ИПА прекуграничната програма со Грција, еден со ИПА АДРИОН и еден проект во програмата ЕУКИ.

- TOUR HUB: IPA CBC - 360.00,00 €

- GRECALE:IPA ADRION – 134.946.00€

- EUKI:Green Pre-Incubators: Accelerating just transition with pre-incubator processes to sustain Green Development – 37.672.00€

Вкупен Буџет за 2026 година: 33.022.316,00 денари

**10.Екологија, обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност**

Здравата животна средина е нужен предуслов за живот и за подигнување здрави поколенија. Токму затоа општинската администрација ќе биде насочена кон превенција на непрописно постапување со отпадот и шутот, едукација на граѓаните за придобивките на здравата животна средина, како и мерки за загадувачите на средината во која живееме:

- Субвенции за набавка на високоефикасни инвертер клима уреди за жителите на Општина Новаци – 500.000,00 денари
- Субвенции за изградба на термофасади
- Изградба на термофасада во ЦОУ Славко Лумбарковски во Новаци – 4. 157.870,00 денари
- Субвенции за поставување на соларни бојлери за вода
- Загревање на јавните објекти со биомаса,
- Спроведување на акции за пошумување,
- Поставување на фотоволтаици на кровот на општинската зграда – 2.554.228,00 денари
- Изградба на зелени ѕидови, компостара и сл.

Буџет: 7.212.098,00 денари

**11. Поддршка на регионалниот економски развој**

Главната цел на оваа поддршка е создавање услови за значително намалување на диспаритетите овозможувајќи подобри можности за живот на сите граѓани за развивање и унапредување на техничките, организациските и човечките капацитети на институциите во областа на региоалниот развој, унапредување и понатамошно подобрување на законската рамка, стратегиите и акционите планови, и подобрување на координацијата за рамномерен регионален развој на национално ниво.

**12. Проект – Јавни работи**

Општина Новаци има повеќегодишно искуство во организирање и реализирање на проекти од областа на комуналната дејност и јавните работи.Проекти од овој тип се реализирани во периодот 2010-2025 година. Општина Новаци има потреба и честа практика во пролетниот и есенскиот период од годината да ангажира невработени лица со ниски квалификации во реализација на краткорочни проекти од областа на заштита на животната средина и одржување на јавните зелени површини.Со учество и аплицирање во Програмата за работно ангажирање-Јавни работи се овозможува продолжување на на оваа практика и ангажирање на поголем број на невработени лица. Лицата кои ќе бидат ангажирани во проектните активности во програмата Јавни работи ќе се стекнат со практични вештини од областа на одржување и заштита на животната средина и ќе имаат можност да аплицираат и да бидат вклучени во проекти или вработувања
За овој проект од буџетот на Општина Новаци во 2026 година се планирани 96 000,00 денари.

**13.Транспарентна општина и информирање и едукација на јавноста за придобивките и одговорноста на граѓаните во единицата на локална самоуправа преку креирање на одржлив систем на комуникација и комуникациски менаџмент**

Транспарентноста и отчетноста, надополнети со партиципативноста, се основни принципи на доброто владеење и се клучни за јавноста да има информации и увид, но и да учествува во креирањето на општествените политики. Она што е од огромно значење е граѓаните да бидат целосно информирани но и во што поголема мера да партиципираат во процесот на донесувањето на одлуки и во креирањето на локалните политики и важните стратешки документи , кои што нив директно или индиректно ги засегаат.

**14.Други оперативни расходи и договорни услуги**

-Учество на обуки , работилници, семинари и сл.
-Превод на документи за потребата на работењето на општина Новаци
-Консултантски услуги
-Договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари
Износот на оваа ставка во Буџетот на Општина Новаци за 2026 година изнесува 1.300.000,00 денари.

**15. Плаќање на членарина** на ЗЕЛС , АЛДА , ЦРППР и други здруженија и асоцијации во кои членува и со кои соработува општина Новаци.
Износот на оваа ставка во Буџетот на Општина Новаци за 2026 година изнесува 100.000,00 денари.

**16.Поддршка на земјоделците за искористување на средствата од ИПАРД**

Со цел искористувањето на средствата од програмите за финансиска поддршка од ИПАРД, како и олеснување на пристапот на земјоделците од Општина Новаци до средства со кои ќе можат да го прошират сопственото производство, општината ќе организира советување за земјоделците со преставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за поттикнување на развој на земјоделството и со други експерти.

**17. Урбанистичко планирање и градежно земјиште**

Вложувањето во урбанистичкото планирање и градежното земјиште во Општина Новаци е особено значење затоа што може да донесе значителен напредок и подобрување на инфраструктурата, животната средина и квалитетот на живот за локалната заедница.

Буџет 630.000,00 денари.

## ФИНАНСИРАЊЕ

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 298.904.326,00 денари ќе бидат финансирани со средства од:
Буџет на Општина Новаци за 2026 година,

-Буџетот на Р. Македонија,
-Меѓународни донатори
-Фондови достапни по Програми на Европска Унија,
-Јавно - приватно партнерство помеѓу Општината и бизнис секторот.

## БУЏЕТ НА ПРОГРАМАТА

| **Ред. Бр.** | **Активност** | **Износ МКД** |
|---|---|---|
| 1 | Поддршката на Локалниот економски развој на општина Новаци | / |
| 2 | Финализација на започнатите проекти | 50.000,00 |
| 3 | Развој на земјоделството | 36.000.000,00 |
| 4 | Изработка на стратешки документи | / |
| 5 | Изградба на патна и друг вид на инфраструктура | 190. 373.627,00 |
| 6 | Меѓуопштинска соработка | / |
| 7 | Поттикнување на развој на туризмот во општина Новаци | 10.330.000,00 |
| 8 | Меѓународна соработка | 600.000,00 |
| 9 | Прекугранична соработка IPA CBC MK и AL, ADRION , EUKI | 33.022.316,00 |
| 10 | Екологија, обновливи извори на еенргија и енергетска ефикасност | 7.212.098,00 |
| 11 | Поддршка на регионалниот економски развој | / |
| 12 | Проект – Јавни работи | 96.000,00 |
| 13 | Транспарентна општина и информирање и едукација на јавноста за придобивките и одговорноста на граѓаните во единицата на локална самоуправа преку креирање на одржлив систем на комуникација и комуникациски менаџмент | / |
| 14 | Други оперативни расходи и договорни услуги | 1.300.000,00 |
| 15 | Плаќање на членарина | 100.000,00 |
| 16 | Поддршка на земјоделците за искористување на | / |

| | | |
|---|---|---|
| | средствата од ИПАРД | |
| 17 | Урбанистичко планирање | 630.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | 279.714.041,00 денари |

Организација на Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2026 година ќе ја имплементира Одделението за комунални дејности, сообраќај, урбанизам, заштита на животна средина и локален економски развој со релевантните одделенија во Општината.

**Завршни одредби**

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување Програма за култура, културни активности, културни и други манифестации на Општина Новаци за 2026 година**

1. Се прогласува, Програма за култура, културни активности, културни и други манифестации на Општина Новаци за 2026 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 15.12.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-953/6 — Општина Новаци
18.12.2025 — Градоначалник
Новаци — Стевче Стевановски

**О П Ш Т И Н А   Н О В А Ц И**

# ПРОГРАМА

**За култура, културни активности, културни и други манифестации на Општина Новаци за 2026 година**

**Новаци, 2026**

Врз основа на член 22 став 1 точка 5, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 8 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр.07/2019 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 15.12.2025год. донесе:

# ПРОГРАМА

**За култура, културни активности, културни и други манифестации на Општина Новаци за 2026 година**

## I.ВОВЕД

Со донесување на системските закони кои се однесуваат на локалната самоуправа, за во контекст на процесот на децентрализација, општините добиваат и надлежност која се однесува на задоволување на културните права и потреби на граѓаните. Општинските културни активности и активностите на локалните културни установи и здруженија на граѓани во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ќе ги откријат нивните културни потреби и формите за нивно задоволување, со што ќе го направат културниот живот во Општината побогат, поразновиден, подинамичен и поквалитетен.

## II.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата на Општина Новаци од областа на културата:

1.Доближување на културата до сите граѓани.

-Преку оваа цел треба да им се овозможи на сите граѓани на Општина Новаци рамноправно да учествуваат како творци и како корисници, во културата и во културните случувања.

2.Поттикнување на современото творештво, со посебен фокус на културните потреби на младите.

-Земајќи ја во предвид перспективата на културниот развој, особен фокус ќе биде ставен на обезбедувањето материјални претпоставки за творештво и задоволувањето на културните потреби на младите. Ќе се поддржуваат и ќе се охрабруваат истражувањата и потребата по нови изразни средства, ќе се поддржуваат екпериментите и користењето нови медиуми на естетска експресија , како и проектите и установите што се занимаваат со продукција и ширење на културни содржини и вредности за младата популација.

3.Обезбедување на активен однос на Општина Новаци кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата.

4.Зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Новаци.

5.Зачувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Новаци.

6.Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата.

## III.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Новаци во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

1. Зачувување на континуитетот на одржување на традиционалните културно-уметнички манифестации.
2. Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно посебно обележје на Општина Новаци.
3. Создавање на услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Новаци.
4. Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Новаци.
5. Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОДДРШКА НА МАНИФЕСТАЦИИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ, СОВРЕМЕНО ТВОРЕШТВО И ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

-во текот на 2026 година ќе се организираат следните програмски настани:

### МАНИФЕСТАЦИИ

| |
|---|
| **-Фестивал на Жетвата Новаци 2026** |
| **-Музички излет во природа на река Коњарка** |
| **-Фолк-концерти со познати естрадни уметници** |
| **-Концерти со етно групи** |
| **-Концерти на фолклорни друштва од странство и домашни** |
| **-Професионални Театарски претстави** |
| **-Изложби на ликовни уметници од Македонија и странство како и на млади автори** |
| **-Стенд ап комедија** |

| |
|---|
| **-Креативни работилници** |
| -**Етно концерт во с.Градешница** |
| **-Музички танцов хепенинг** |
| **-Детски музички фестивал** |

**ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

| |
|---|
| **-Годишен концерт на МГА Везилка од Новаци**<br>**-Фестивал на традиционална храна – вкусот на традицијата општина Новаци 2026 – организатор здружение МГА Везилка** |
| **-Учество на МГА Везилка од Новаци на концерти во Р.Македонија и на меѓународни фестивали и концерти.** |
| -**Опрема за потребите на МГА Везилка од Новаци** |

**ФИЛМ И МУЛТИМЕДИЈА**

| |
|---|
| **-Снимање и промоција на документарен филм и репортажа за Општина Новаци** |
| **-Работилници за фотографија и видео** |
| -**Организирање на изложби на фотографии на отворен простор** |

**ЛИТЕРАТУРА И ТВОРЕШТВО**

| |
|---|
| **-Конкурс за раскази и литературни творби – издавање на збирка поезија и проза од млади автори од Општина Новаци** |
| **-Пелагониски културно – научни средби Новаци 2026** |
| -**Поетска манифестација** |

**ТЕАТАР**

| |
|---|
| **-Професионални театарски претстави за деца и млади** |

| |
|---|
| **-Аматерски театарски претстави за деца и млади** |
| **-Театарски работилници под менторство на професионален актер** |

**ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ВАЖНИ ДАТУМИ И АКТИВНОСТИ**

| |
|---|
| **-Ден на Општина Новаци – сценско музичка програма и други активности** |
| **-Фестивал на книгата 23 април** |
| **-Меѓународни денови на Општина Новаци – делегации од сите збратимени општини со пригодна музичко – сценска програма каде ќе бидат претставени културните традиции на земјите – гости .** |
| **-Следење на важни датуми со можност за пригодно одбележување на светските денови** |
| **-Ден на Европа 9 мај** |
| **-Светска недела на детето** |
| **-Новогодишна детска претстава** |
| **-Новогодишен хуманитарен караван** |
| **-Велигденски хуманитарен караван** |
| **-Музички танцов хепенинг со пригодна програма за почеток или крај на учебната година** |
| **-Фитнес програмски активности** |
| **-Учество на домашни и меѓународни фестивали** |
| **-Еколошки работилници и акции за неформална едукација на младите** |
| **-Соработка со сите видови на уметници , здруженија од областа на културата, установи, како и негување на фолклорот, занаетчиството и слични културни вредности.** |

**ПОДОБРУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО РЕГИОНОТ НА МАРИОВО – ОПШТИНА НОВАЦИ**

| |
|---|
| **-Едукативна еко екскурзија – Мариово чисто**<br>**-Инфо тура за туристички агенции и тур оператори од Македонија**<br>**-Мариово – фото сафари**<br>**-Астроучилница – кампување во Мариово со астроучилница за деца и возрасни**<br>**-Велосипедска екскурзија – Добро Поле** |

**-Едукативен камп за деца од основните училишта во Мариово**

**ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ**

1. **ЏИП ТУРНЕЈА МАРИОВО**
2. **ЦРКОВНИ МАНИФЕСТАЦИИ**
3. **ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ**

**-ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА (озвучување, осветлување, бина, рампа, писта)**
**-МАРКЕТИНГ И КООРДИНАЦИЈА**
**-ВОДИТЕЛИ**
**-ВОЛОНТЕРСКА ПОДДРШКА**

## IV. ИНСТИТУЦИЈАЛНА И ФИНАНСИСКА ПОДРШКА НА КУЛТУРНИ, ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ И СОВРЕМЕНО ТВОРЕШТВО

За реализација на програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Новаци, државни институции, спонзорства и донации.

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци од следните ставки

1.Културни манифестации и творештво – 250 000 денари

2.Трансфери до здруженија на граѓани и фондации – 1 000 000 денари

Здруженија на граѓани, невладини организации, верски заедници, физички лица треба да достават барање и програма за да можат да ги користат средствата од Буџетот на Општина Новаци.

Разгледувањето на барањата од здруженија на граѓани, невладини организации, верски заедници, физички лица ќе го врши Градоначалникот на општина Новаци за средства до 10.000 денари, а за средства над 10.000 денари барањата ќе ги разгледува Советот на Општина Новаци.

По завршувањето на проектите секој реализатор е ДОЛЖЕН до Советот на Општина Новаци да достави ИЗВЕШТАЈ (финансиски и оперативен) за реализација на одобрените средства.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на општина Новаци”.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за прогласување Програма за спорт за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во Општина Новаци за 2026 година**

1. Се прогласува, Програма за спорт за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во Општина Новаци за 2026 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 15.12.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-953/7 Општина Новаци
18.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа член 22 став 1 точка 6, член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр.202/24), член 21 став 1 точка 8 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/2019 и бр.16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 15.12.2025г. донесе:

# ПРОГРАМА ЗА СПОРТ

**за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во Општина Новаци за 2026 година**

Спортот е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско-рекреативните активности на граѓаните.
Заради остварување на потребите за занимавање со активности и заштита на правата и интересите од областа на спортот, граѓаните можат слободно и доброволно да се здружуваат и основаат спортски здруженија.
Во овие здруженија, строго е забрането политичко и верско организирање.

Спортски клуб е спортско здружение, односно трговско друштво кое врши дејност спорт.

Спортските клубови од различни спортови, заради остварување на јавниот интерес на општината во областа на спортот и заради планирање и реализација на програмските активности, можат да се здружуваат во општински и градски спортски сојузи од различни спортови.

Спортските клубови од ист спорт на ниво на општина, заради остварување и реализација на заеднички програмски активности, можат да се здружуваат во општински, односно градски сојузи од ист спорт.

Од јавен интерес е

- потикнување на спортските активности на децата и младината;
- организирање и спроведување на спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите постигнување на врвни спортски резултати;
- потикнување и помагање на организирањето спортски приредби и манифестации;
- одржување и функционирање на постојните и планирање и изградба на објекти за спорт во општината.

За да можат сите овие активности успешно да се реализираат, основно е во општината да има објекти за спорт.

- Што е тоа објекти за спорт?

Тоа се уредени површини и објекти кои се во функција на вршење на спортските активности.

Финансиските услови за функционирање на спортските друштва и сојузи во општината претставуваат најголем проблем за нормално функционирање на истите, од општо позната економска состојба во која се наоѓа нашата општина, која се рефлектира и во спортот, а и непостоење на генерални спонзори за финансирање на клубовите.

Во рамки на надлежностите што ги има општината во делот на спортот и рекреацијата (развојот на масовниот спорт и рекреативните активности, организирање на спортски приредби и манифестации, оддржување и изградба на објекти за спорт, поддршка на спортски сојузи), а со цел развој на физичката култура кај младите, што помасовен опфат на млади лица на спортските терени и превентивно делување, а воедно и одвраќање на младите од пороците кои што ги демнат на секој чекор во нашето современо секојдневие, општина Новаци настојува да ја одржи и продолжи спортската традиција кај Новачани, а воедно дава голем придонес во развојот на физичката култура во општината.

За реализација на програмата ќе се обезбедат средстава од Буџетот на Општина Новаци од ставките:

| | **Трансфер на спортски клубови** | **Изградба на спортски објекти** | |
|---|---|---|---|
| **Организирање на меморијален фудбалски турнир: Пеце Матичевски 2026** | **150 000 денари** | | |
| **Трансфер на ФК Новаци** | **3 250 000 денари** | | |
| **Трансфер кон останати спортски клубови** | **600 000 денари** | | |
| **Вкупно** | **4 000 000 денари** | | |

Разгледувањето на барањата од спортските клубови ќе го врши градоначалникот на општина Новаци за средства до 10.000,00 денари, а за средства над 10.000,00 денари барањата ќе ги разгледува Советот на Општина Новаци.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци,,.

Совет на Општина Новаци
Председател
Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

за прогласување Програма за одржување на Јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2026 година

1. Се прогласува, Програма за одржување на Јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2026 година , што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 15.12.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-953/8 Општина Новаци
18.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Сл. весник на РМ“ бр. 111/2008, 64/2009, 88/2010, 114/2010, 23/2011, 53/2011, 80/2012, 163/2013, 44/2015, 147/2015, 31/2016 и „Сл. весник на РСМ“ бр.122/2021, 255/2024 и 101/2025), член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/2002 и „Сл. весник на РСМ„ бр. 202/24 ), член 21 став 1 точка 15 и 16 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци„ бр. 7/2019 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 15.12.2025г., донесе

# ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2026 година

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Новаци за 2026 година. Сите активности и работи кои ќе се преземат за одржување на јавната чистота се во зависност од повеќе фактори, како од густината на населението, густината на возила, културни навики на населението, инфраструктирните услови и инситуционалните и граѓанските потреби, самодисциплината на граѓаните, придржувањето на локални закони и др.

Законот за јавна чистота, со кој се уредуваат условите и начинот на одржување на јавна чистота, правата и обврските на учесниците во одржувањето на јавната чистота е акт со кој законодавецот има намера поажурно да ја одржува јавната чистота, а тоа е нешто што го налага самото урбано живеење. Имено, со овој закон се предвидува наплата на надоместок за одржување на јавна чистота , при што се очекува изворот на средства да биде обезбеден, со што давателите на услуги ќе бидат во можност поефикасно да ги извршуваат активностите на одржување на јавна чистота .

Видот и начинот на одржување на јавна чистота, покрај од друго, директно зависи од уреденоста, состојбата и одржувањето на јавно прометните површини. Затоа укажуваме дека како општина можеме да пружиме подобра услуга по обем, динамика и квалитет доколку инфраструктурните претпоставки во Општина Новаци се подобрат, а почитувањето на комуналниот ред, сообраќајните прописи и друго се подигнат на повисоко ниво од досегашното.

Посебно внимание ќе се обрати при одржување, уредување и зашитита на парковите и зеленилото кои претставуваат места за одмор и рекреација на граѓаните на Општина Новаци.

Програмата подразбира организирано собирање и транспортрирање на комунален отпад на јавните површини и отворените површини на јавните објекти во рамките на законската регулатива што има директно влијание во зачувувањето на животната средина. Собирањето и транспортот на комуналниот отпад од јавни површини се врши со специјални возила за таа намена.

Моменталната состојба со управувањето на комуналниот отпад во Општина Новаци е во добра состојба. Во 2020 година набавени се нови возила за собирање на смет, чистење на јавни површини и слично кои ги задоволува потребите на граѓаните на Општина Новаци. Во 2021 година планираме поинтензивна и испланирана акција за селектирање, собирање и намалување на волуменот на селективниот комунален отпад.

Со набавката на новите возила планираме да постигнеме:

- Динамика во редовноста на услугата со оптимално ангажирање на возилата и доволно простор за правилно одржување на истите;

- Унапредена услуга која ќе има позитивно влијание врз угледот на општината, граѓаните и надлежните служби.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Програмата на Општина Новаци за одржување на јавната чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти, заради обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општата цел на програмата е да се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, како и чистењето на снегот и марзот во зимски услови.

Со оваа програма се утврдуваат:

- територијата, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавните површини, парковите и рекреативните површини;
- основните начела на вршење на работите за одржување на јавната чистота;
- надзор во спроведувањето;
- начинот на финансирање.

## ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Одржување на јавната чистота на територијата на Општина Новаци ќе ги прифатијавните површини како: улици, тротоари, пристапни патишта, плоштади и уредени отворени простори, паркинг простори, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, видиковци, автобуски и такси станици и сл.

Во спроведувањето на програмата се изведуваат следните активности:

- рачно метење на јавните површини, парковите, рекреативните површини;
- машинско и рачно чистење на улиците од наноси на земја после врнежи од дожд;
- миење на јавните површини;
- собирање и транспортирање на отпадот од одржување најавнатачистота до општинските времениденонии во населените места од општината;
- рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови.

## ДИНАМИКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

## ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

Под поимот јавни површини спаѓаат сите јавни површини на територијата на Општина Новаци. Постојат два вида на јавни површини по основ на начинот на одржување за да бидат во функција за потребите на граѓаните на Општина Новаци и тоа: Јавно прометни површини кои се во функција на граѓаните за одвивање на сообраќај на граѓани и возила и јавни прометни површини – паркови и зеленило кои се во функција на граѓаните за одмор и рекреација.

Отпадот на јавните површини е од разно потекло, како:

- хартии и пластична амбалажа од разни пакоавња, пет-амбалажи, пластични пакувања, кутии од цигари, отпушоци и разни прехрамбени материјали;
- отпадоци од возила - при превоз  на градежни материјали, овошје, зеленчук и други растенија, при товарање и растоварање на градежен материјал и растенија и сл.;
- биоразградлив отпад (лисја од дрвја, цвет, суви гранки, разни зелени остатоци од земјоделски насади, песок, гранулат кои служат за топење на снегот во зимски услови).

За изработка на организационен план за чистење на јавните површини потребна е и категоризација на истите. Категоризацијата зависи од густината на населението и сообраќајот и правците на движење на граѓаните и возилата до фирмите, домовите и секојдневните потреби.

# МЕТОДИ НА ЧИСТЕЊЕ

## I. ОДРЖУВАЊЕ СО МЕТЕЊЕ

### Прва категорија

Централно подрачје - улици, тротоари, плоштади, автобуски и такси станици кои се во густа фрекфенција на движење. Метењето ќе се извршува пет дена во неделата.

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во $m^2$ | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Плоштад и парк во општинска зграда Новаци | 3.000 $m^2$ | 2 | 20 | 60.000 $m^2$ | 12 | 720.000 $m^2$ |
| 2. | Главна асфалтирана собраќајница R1311 од полициската станица до поштата во с. Новаци | 3.500 $m^2$ | 2 | 20 | 70.000 $m^2$ | 12 | 840.000 $m^2$ |
| 3. | Од центарот на Новаци кон училиштето и црквата "Св. Атанасиј" се до повеќе-наменското игралиште во с. Новаци | 2.000 $m^2$ | 2 | 20 | 40.000 $m^2$ | 12 | 480.000 $m^2$ |
| | **Вкупно:** | **8.500 $m^2$** | | **20** | **170.000$m^2$** | **12** | **2.040.000 $m^2$** |

### Втора категорија

Метење на главни сообрајќајници, тротоари, автобуски и такси станици со поголем интензитет на сообраќај на луѓе и возила. Метењето ќе се извршува два пати неделно.

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во $m^2$ | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Главна асфалтирана собраќајница R1311 од | 14.000 $m^2$ | 2 | 8 | 112.000 $m^2$ | 12 | 1.344.000 $m^2$ |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | влезот од кај река Црна до излезот на Новаци кон РЕК | | | | | | |
| **Вкупно:** | | **14.000 m²** | | **8** | **112.000m²** | **12** | **1.334.000m²** |

## Трета категорија

Метење на сообрајќајници, тротоари, автобуски и такси станици со помал интензитет на сообраќај на луѓе и возила. Метењето ќе се извршува два пати месечно.

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во m² | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Центар во с. Добромири | 3.000 m² | 2 | 2 | 6.000 m² | 12 | 72.000 m² |
| **2.** | Центар во с. Рибарци | 1.000 m² | 2 | 2 | 2.000 m² | 12 | 24.000 m² |
| **3.** | Центар во с. Горно Агларци | 1.500 m² | 2 | 2 | 3.000 m² | 12 | 36.000 m² |
| **4.** | Центар во с. Долно Агларци | 1.500 m² | 2 | 2 | 3.000 m² | 12 | 36.000 m² |
| **5.** | Центар во с. Гермијан | 2.000 m² | 2 | 2 | 4.000 m² | 12 | 48.000 m² |
| **6.** | Центар во с. Далбеговци | 1.500 m² | 2 | 2 | 3.000 m² | 12 | 36.000 m² |
| **7.** | Пешачка патека од с. Новаци до манастир Новаци | 5.893 m² | 2 | 2 | 11.786 m² | 12 | 141.432 m² |
| **8.** | Индустриска зона - Новаци | 2.760 m² | 2 | 2 | 5.520 m² | 12 | 66.240 m² |
| **Вкупно:** | | **19.153 m²** | | **2** | **38.306 m²** | **12** | **459.672 m²** |

## Четврта категорија

Метење на сообрајќајници, тротоари, автобуски и такси станици со мал интензитет на сообраќај на луѓе и возила. Метењето ќе се извршува еднаш месечно.

| Ред. Бр. | Јавни површини | Површина во m² | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Центар во с. Живојно | 1.000 m² | 2 | 1 | 1.000 m² | 12 | 12.000 m² |
| **2.** | Центар во с. Бач | 800 m² | 2 | 1 | 800 m² | 12 | 9.600 m² |
| **3.** | Центар во с. Брод | 500 m² | 2 | 1 | 500 m² | 12 | 6.000 m² |
| **4.** | Центар во с. Арматуш | 800 m² | 2 | 1 | 800 m² | 12 | 9.600 m² |
| **5.** | Центар во с. Тепавци | 500 m² | 2 | 1 | 500 m² | 12 | 6.000 m² |
| **6.** | Центар во с. Гнеотино | 600 m² | 2 | 1 | 600 m² | 12 | 7.200 m² |
| **Вкупно:** | | **4.200 m²** | | **1** | **4.200m²** | **12** | **50.400m²** |

**ПРЕСМЕТКА**

Потребни финансиски средства за одржување на јавна чистота на јавните површини на територија на Општина Новаци со метење:

| Ред. број | Категорија | Површина во $m^2$ | Единечна цена (ден/$m^2$) | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Прва категорија | 2.040.000$m^2$ | 0,66 | 1.346.400 ден. |
| **2.** | Втора категорија | 1.334.000$m^2$ | 0,66 | 880.440 ден. |
| **3.** | Трета категорија | 459.672 m2 | 0,66 | 303.384 ден. |
| **4.** | Четврта категорија | 50.400$m^2$ | 0,66 | 33.264 ден. |
| | **Вкупно:** | **3.884.072 $m^2$** | **0,66 ден.** | **2.563.488 ден.** |

**ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

| Ред. број | Работно место | Број на извршители |
|---|---|---|
| **1.** | Метачи | 2 |
| **2.** | Тракториsти | 1 |
| **3.** | Метачи (привремено ангажирани преку Агенција за привремени вработувања) | 3 |
| | **Вкупно:** | **6** |

Метењето ќе се извршува со:
- рачно чистење со сиркова, полска метла;
- машинско метење со машина-метларка;
- стружење со лопата на набиена земја од рабовите на сообраќајниците.

## II. МИЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

Миењето на јавните површини со предни млазници од цистерна има значајна улога во одржувањето на јавната чистота.

Миењето со задни црева со цистерна е начин на миење кој дава најдобри хигиенски резултати.Со овој начин се постигнува многу добар квалитет на чистење и релативно висок учинок.Овој начин на чистење може да се применува на сите видови на јавни површини.

Од изнесеното се гледа дека динамиката на извршување е различна и истата зависи од примената на интервенцијата.Воглавно, застапени се рачно метење и машинско миење на јавните површини со цистерна со предни млазници секој работен ден во централното подрачје.

Исто така предвидуваме чистење на набиена земја од ивиците на сообраќајниците најмалку четири пати годишно и перење на јавните површини со задни цевки со цистерна најмалку еднаш месечно.

Како дополнителни работи се јавуваат пречистување на јавните површини по барање на Општина Новаци за време на државните празници и одржување на манифестации, по барање на инспекциски служби и сл.Овие работи се извршуваат дополнително од редовната програма со работен налог од нарачателот на услугата како дополнителна работа и за извршената работа

Ј.П.К.Д. „Комунална хигиена“ - Новаци ќе наплаќа по $m^2$ извршена услуга и цена утврдена со Програмата за одржување на јавна чистота .

Миењето може да биде машинско со предна млазница и рачно миење со задно црево.

**МАШИНСКО МИЕЊЕ СО ПРЕДНА МЛАЗНИЦА**

Планот е направен за потоплите месеци од 01 март до 30 ноември. По потреба, би се извршувало миење и во останатите три месеци и на релации надвор од овој план по што услугата дополнително ќе се наплаќа по $m^2$ извршена услуга и цена утврдена со Програмата за одржување на јавна чистота .

**Прва категорија –** Миење на јавни површини-сообрајќајници - 5 пати неделно

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во $m^2$ | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Главна асфалтирана собраќајница Р-1311 од влезот од кај река Црна до излезот на Новаци кон РЕК | 14.000 $m^2$ | 1 | 20 | 280.000 $m^2$ | 9 | 2.520.000 $m^2$ |
| | **Вкупно:** | **14.000 $m^2$** | | **20** | **280.000 $m^2$** | **9** | **2.520.000 $m^2$** |

**Втора категорија –** Миење на јавни површини-сообрајќајници - 2 пати неделно

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во $m^2$ | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Споредни улици во с. Новаци | 16.590 $m^2$ | 1 | 8 | 132.720 $m^2$ | 9 | 1.194.480 $m^2$ |
| | | **16.590 $m^2$** | | **8** | **132.720 $m^2$** | **9** | **1.194.480 $m^2$** |

**Трета категорија –** Миење на јавни површини-сообрајќајници - 2 пати месечно

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во $m^2$ | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Главна улица во с. Добромири | 4.950 $m^2$ | 1 | 2 | 9.900 $m^2$ | 9 | 89.100 $m^2$ |
| **2** | Главна улица во с. Горно Агларци | 7.314 $m^2$ | 1 | 2 | 14.628 $m^2$ | 9 | 131.652 $m^2$ |
| **3** | Главна улица во с. Долно Агларци | 5.256 $m^2$ | 1 | 2 | 10.512 $m^2$ | 9 | 94.608 $m^2$ |
| **4** | Главна улица во с. Далбеговци | 4.281 $m^2$ | 1 | 2 | 8.562 $m^2$ | 9 | 77.058 $m^2$ |
| **5** | Главна улица во с. Рибарци | 3.960 $m^2$ | 1 | 2 | 7.920 $m^2$ | 9 | 71.280 $m^2$ |
| | | **25.761 $m^2$** | | **2** | **51.522 $m^2$** | **9** | **463.698 $m^2$** |

**Четврта категорија –** Миење на јавни површини-сообрајќајници – еднаш месечно

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во $m^2$ | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Главна улица во с. Гнеотино | 1.335 $m^2$ | 1 | 1 | 1.335 $m^2$ | 9 | 12.015 $m^2$ |
| **2** | Главна улица во с. Брод | 1.350 $m^2$ | 1 | 1 | 1.350 $m^2$ | 9 | 12.150 $m^2$ |
| **3** | Главна улица во с. Живојно | 2.766 $m^2$ | 1 | 1 | 2.766 $m^2$ | 9 | 24.894 $m^2$ |
| **4** | Главна улица во с. Бач | 2.955 $m^2$ | 1 | 1 | 2.955 $m^2$ | 9 | 26.595 $m^2$ |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5** | Главна улица во с. Гермијан | 4.260 m² | 1 | 1 | 4.260 m² | 9 | 38.340 m² |
| **6** | Главна улица во с. Арматуш | 807 m² | 1 | 1 | 807 m² | 9 | 7.263 m² |
| **8** | Главна улица во с. Орехово | 1.482 m² | 1 | 1 | 1.482 m² | 9 | 13.338 m² |
| | | **14.955 m²** | | **1** | **14.955 m²** | **9** | **134.595 m²** |

## РАЧНО МИЕЊЕ СО ЗАДНИ ЦРЕВА

Планот е направен за потоплите месеци од 01 март до 30 ноември. По потреба, би се извршувало миење и во останатите три месеци и на релации надвор од овој план по што услугата дополнително ќе се наплаќа по m² извршена услуга и цена утврдена со Програмата за одржување на јавна чистота.

**Прва категорија –** Миење на тротоари, плоштади и плочници – еднаш неделно

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во m² | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Главна асфалтирана собраќајница Р-1311 од влезот од кај река Црна до излезот на Новаци кон РЕК | 4.666 m² | 2 | 4 | 18.664 m² | 9 | 167.976 m² |
| **2.** | Плоштад во општинска зграда Новаци | 123 m² | 2 | 4 | 492 m² | 9 | 4.428 m² |
| | **Вкупно:** | **4.789m²** | | **4** | **19.156m²** | **9** | **172.404 m²** |

**Втора категорија –** Миење на тротоари, плоштади и плочници - два пати месечно

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во m² | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Тротоари низ с. Новаци | 1.027 m² | 2 | 2 | 2.054 m² | 9 | 18.486 m² |
| | **Вкупно:** | **1.027 m²** | | **2** | **2.054 m²** | **9** | **18.486 m²** |

**Трета категорија –** Миење на тротоари, плоштади и плочници - еднаш месечно

| Ред. бр. | Јавни површини | Површина во m² | Број на работници | Работни денови (месечно) | Вкупна површина (месечно) | Годишно (месеци) | Вкупна површина (годишно) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Тротоари низ с. Гермијан | 387 m² | 2 | 1 | 387 m² | 9 | 3.483 m² |
| **2.** | Тротоари низ с. Горно Агларци | 402 m² | 2 | 1 | 402 m² | 9 | 3.618 m² |
| | **Вкупно:** | **789m²** | | **1** | **789 m²** | **9** | **7.101 m²** |

**ПРЕСМЕТКА**

Потребни финансиски средства за одржување на јавна чистота на јавните површини на територија на Општина Новаци со миење:

| Ред. број | Категорија | Површина во $m^2$ | Единечна цена (ден/$m^2$) | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Прва категорија – машинско миење | 2.520.000$m^2$ | 0,27 | 680.400 ден. |
| **2.** | Втора категорија – машинско миење | 1.194.480$m^2$ | 0,27 | 322.510 ден. |
| **3.** | Трета категорија – машинско миење | 463.698$m^2$ | 0,27 | 125.198 ден. |
| **4.** | Четврта категорија – машинско миење | 134.595$m^2$ | 0,27 | 36.341 ден. |
| **5.** | Прва категорија – рачно миење | 172.404$m^2$ | 1,56 | 268.950 ден. |
| **6.** | Втора категорија – рачно миење | 18.486$m^2$ | 1,56 | 28.838 ден. |
| **7.** | Трета категорија – рачно миење | 7.101$m^2$ | 1,56 | 11.078 ден. |
| | **Вкупно:** | **4.510.764$m^2$** | | **1.473.315 ден.** |

**ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

| Ред. број | Работно место | Број на извршители |
|---|---|---|
| **1.** | Возач | 1 |
| **2.** | Работници за миење со цистерна | 1 |
| **3.** | Привремено ангажирани работници преку Агенција за привремени вработувања | 2 |
| | **Вкупно:** | **4** |

## УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДЕЖЕН ШУТ И ОТПАДНА ЗЕМЈА

За градежен шут и друг вид на неопасен отпад кој е исфрлен од непознат сторител, со барање до ЈПКД „Комунална хигиена“ - Новаци, ќе се извршува работа за подигање, утовар, транспорт и депонирање на отпадот и за истото претпријатието ќе изврши наплата во износ од 600 ден/$m^3$. Во 2026 година предвидуваме да се собере и депонира 800 $m^3$ отпад од диви депонии (градежен шут или неопасен комунален отпад).

## ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

Под поимот јавни површини под паркови и зеленило спаѓаат сите парковски површини, цветни алеи и дрвореди, ниска вегетација и живи огради на општинско земјиште и неурбанизирани зелени површини кои се на општинско и државно земјиште на територијата на Општина Новаци.

Како и јавните површини, одржувањето на парковите и зелените површини зависи од повеќе фактори, а еден од најбитните е економската моќ на општината. Финасиските средства за подигање и одржување на јавно зеленило се обезбедуваат од изворите на средства за финасирање на комуналните дејности кои се предвидени во Законот за комунални дејности. Врз основа на овој битен економски фактор и врз база на искуството од 2020 година, Општина Новаци ја изработи оваа Програма за одржување на парковите и зелените површини на територија на Општина Новаци, за нормално одвивање на животот на граѓаните, за користење на овие паркови и зелени површини од жителите на Општина Новаци и зачувување на животната средина.

Одржувањето на парковските и зелените површини зависат од следните фактори:

- Културните навики на населението;
- Самодисциплината на граѓаните;
- Придржување на позитивните прописи.

Одржувањето на парковите и зелените површини на Општина Новаци, се одвива преку целата година и се категоризира според степенот на одржување.

Во зимските периоди, овие површини се одржуваат да бидат чисти од секојдневниот отпад, се отвораат патеки од снег, се чисти и изнесува снег и мраз, се мети и други оперативни работи.

Во летните месеци се врши косење, полевање, окопување и одржување на сезонско цвеќе, кастрење на дрвја, косење, полевање, греблување и собирање и изнесување на тревата, кастрење и кроење на жива ограда и исфрлање на отпадот, одржување/поправка на детски реквизити, замена на корпи за отпадоци со нови или нивна поправка, и други активности.

Оваа Програма дава приоритет на централните паркови и зелени површини, на големите паркови во населените места на општината и каде централното подрачје е опфатено со двосменско работење, со оглед на поголемата фреквенција на луѓе и возила.

Зелените површини од остнатите категории ќе бидат одржувани со предвидените активности и според категоризацијата и степенот на чистота.

Врз основа на горенаведеното, парковите и зелените површини ги категоризираме на:

**Прва категорија**

- Чистење на отпад – 5 дена во неделата;
- Косење и кастрење – еднаш неделно во период од 01 март до 31 октомври
- Во топлите денови – полевање 3 пати неделно.
- Чистење на лисја – 5 денаво неделата во период од 01 септември до 30 Ноември
- Во зимски услови, секојдневно рачно чистење/одржување на патекитево парковските површини

**Втора категорија**

- Чистење на отпад – еднаш неделно.

- Косење и кастрење – два пати месечно во период од 01 март до 31 октомври
- Чистење на лисја – еднаш неделно во период од 01 септември до 30 Ноември
- Во зимски услови, 2 пати неделно рачно чистење/одржување на патекитево парковските површини

**Трета категорија**

- Чистење на отпад – два пати месечно.
- Косење и кастрење – два пати месечно во период од 01 март до 31 октомври
- Чистење на лисја – два пати месечно во период од 01 септември до 30 Ноември
- Во зимски услови, 1 неделно рачно чистење/одржување на патекитево парковските површини

  Вкупните годишни цени/$m^3$ за одржување на паркови и зеленило се пресметани во категории според степенот на планираното одржување:

**Прва категорија**

| Ред, број | Позиција | Реализација (годишно) | Единечна цена | Вкупно годишно (ден./$m^3$) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Чистење на отпад (корпи во паркови, разновиден отпад околу и во парковите и сл.) | 240 | 0,24 | 57,6 |
| 2. | Косење и кастрење со сите операции пред и после косењето и кастрењето | 64 | 0,48 | 30,72 |
| 3. | Полевање | 96 | 0,24 | 23,04 |
| 4. | Чистење на лисја | 60 | 0,24 | 14,4 |
| 5. | Чистење на патеки од снег | 80 | 0,24 | 19,2 |
| | | | **Вкупно:** | 144,96 |

**Втора категорија**

| Ред, број | Позиција | Реализација (годишно) | Единечна цена | Вкупно годишно (ден./$m^3$) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Чистење на отпад (корпи во паркови, разновиден отпад околу и во парковите и сл.) | 48 | 0,24 | 11,52 |
| 2. | Косење и кастрење со сите операции пред и после косењето и кастрењето | 16 | 0,48 | 7,68 |
| 3. | Чистење на лисја | 12 | 0,24 | 2,88 |
| 4. | Чистење на патеки од снег | 32 | 0,24 | 7,68 |
| | | | **Вкупно:** | 29,76 |

**Трета категорија**

| Ред, број | Позиција | Реализација (годишно) | Единечна цена | Вкупно годишно (ден./$m^3$) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Чистење на отпад | 24 | 0,24 | 5,76 |
| 2. | Косење и кастрење со сите операции пред и после косењето и кастрењето | 16 | 0,48 | 7,68 |
| 3. | Чистење на лисја | 6 | 0,24 | 1,44 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | Чистење на патеки од снег | 16 | 0,24 | 3,84 |
| | | | **Вкупно:** | 18,72 |

### Категоризација на паркови и пресметка:

### Прва категорија

| Ред. бр. | Паркови | Површина во $m^2$ | Вкупно годишно (ден./$m^3$) | Број на извршители | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Парковите низ с. Новаци | 4.550 $m^2$ | 144,96 | 2 | 659.568 ден. |
| **2.** | Детските игралишта, игротеката во с. Новаци и двор на амбуланта | 9.230 $m^2$ | 144,96 | 2 | 1.337.981 ден. |
| | **Вкупно:** | **13.780 $m^2$** | **144,96** | | **1.997.549 ден.** |

### Втора категорија

| Ред. бр. | Паркови | Површина во $m^2$ | Вкупно годишно (ден./$m^3$) | Број на извршители | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Центар во с. Добромири | 3.000 $m^2$ | 29,76 | 2 | 89.280 ден. |
| **2.** | Центар во с. Рибарци | 1.000 $m^2$ | 29,76 | 2 | 29.760 ден. |
| **3.** | Центар во с. Горно Агларци | 1.500 $m^2$ | 29,76 | 2 | 44.640 ден. |
| **4.** | Центар во с. Долно Агларци | 1.500 $m^2$ | 29,76 | 2 | 44.640 ден. |
| **5.** | Манастир Рожденство на Пресвета Богородица во с. Новаци | 9.500$m^2$ | 29,76 | 2 | 282.720 ден. |
| | **Вкупно:** | **16.500 $m^2$** | 29,76 | | **491.040 ден.** |

### Трета категорија

| Ред. бр. | Паркови | Површина во $m^2$ | Вкупно годишно (ден./$m^3$) | Број на извршители | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Центар во с. Гермијан | 2.200$m^2$ | 18,72 | 2 | 41.184 ден. |
| **2.** | Центар во с. Бач | 900 $m^2$ | 18,72 | 2 | 16.848 ден. |
| **3.** | Центар во с. Живојно | 1.000 $m^2$ | 18,72 | 2 | 18.720 ден. |
| **4.** | Центар во с. Брод | 600 $m^2$ | 18,72 | 2 | 11.232 ден. |
| **5.** | Центар во с. Гнеотино | 600 $m^2$ | 18,72 | 2 | 11.232 ден. |
| **6.** | Центар во с. Далбеговци | 1.500 $m^2$ | 18,72 | 2 | 28.080 ден. |
| | **Вкупно:** | **6.800 $m^2$** | 18,72 | | **127.296 ден.** |

Потребни финансиски средства за одржување на паркови и јавно зеленило на територија на Општина Новаци:

| Ред. број | Категорија | Површина во $m^2$ | Единечна цена (ден/$m^2$) | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Прва категорија | 13.780 $m^2$ | 144,96 | 1.997.549 ден. |
| 2. | Втора категорија | 16.500 $m^2$ | 29,76 | 491.040 ден. |
| 3. | Трета категорија | 6.800 $m^2$ | 18,72 | 127.296 ден. |
| | **Вкупно:** | **37.080 $m^2$** | | **2.615.885 ден.** |

**ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

| Ред. број | Работно место | Број на извршители |
|---|---|---|
| 1. | Возач | 1 |
| 2. | Работници за косење, кастрење, полевање и чистење | 3 |
| 3. | Привремено ангажирани работници преку Агенција за привремени вработувања | 2 |
| | **Вкупно:** | **6** |

Реализирањето на оваа програма, Ј.П.К.Д. „Комунална хигиена“ - Новаци, ќе ја извршува со следните возила:

- моторни тимери;
- трактор за косење;
- трактор;
- метли, вили, грибла, коси и слично.

## ОДРЖУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА ОТВОРЕНИ БЕТОНИРАНИ КАНАЛЧИНА ЗА ОДВЕДУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА ВОДА ИОДРЖУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА ИЗЛЕТНИЧКИ МЕСТА

Одржувањето и чистењето на отворените бетонирани каналчина за одведување на атмосферска вода и одржувањето и чистењето на излетничките места ќе се врши со следните операции:

- косење, гребулање и изнесување на треватапокрај каналчето или од излетничкотоместо;
- сечење на грмушки и исфрлање на отпадот;
- чистење на дното на отвореното бетонско каналче од нанос од песок и мил.

Овие операции ќе се извршуваат еднаш во месецот.

Вкупните годишни цени/$m^3$ за одржување на отворени бетонирани каналчина за одведување на атмосферска вода и одржување и чистење на излетнички места се пресметани според степенот на планираното одржување:

**Прва категорија –** одржување и чистење на отворени бетонирани каналчиња за одведување на атмосферска вода

| Ред, број | Позиција | Реализација (годишно) | Единечна цена | Вкупно годишно (ден./$m^3$) |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Косење, гребулање и изнесување на трева покрај каналчето | 12 | 0,6 | 7,2 |
| **2.** | Чистење на дното од каналчето од нанос од песок и мил | 12 | 0,95 | 11,4 |
| | | | **Вкупно:** | **18,6** |

**Втора категорија –** одржување и чистење на излетнички места

| Ред, број | Позиција | Реализација (годишно) | Единечна цена | Вкупно годишно (ден./$m^3$) |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Косење, гребулање и изнесување на трева | 12 | 0,6 | 7,2 |
| **2.** | Кастрење на грмушки | 12 | 0,6 | 7,2 |
| | | | **Вкупно:** | **14,4** |

**ПРЕСМЕТКА**

**Прва категорија**

| Ред. бр. | Паркови | Површина во $m^2$ | Вкупно годишно (ден./$m^3$) | Број на извршители | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Каналчиња во Општина Новаци | 15.000 $m^2$ | 18,6 | 2 | 279.000 ден. |
| | **Вкупно:** | **15.000 $m^2$** | **18,6** | | **279.000 ден.** |

**Втора категорија**

| Ред. бр. | Паркови | Површина во $m^2$ | Вкупно годишно (ден./$m^3$) | Број на извршители | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Стара општинска зграда во с. Старавина и с. Бач | 4.000 $m^2$ | 14,4 | 2 | 57.600 ден. |
| **2.** | Излетничко место - Коњарка | 4.000 $m^2$ | 14,4 | 2 | 57.600 ден. |
| **3.** | Чистење на културно-историски знаменитости во Мариово | 10.000 $m^2$ | 14,4 | 2 | 144.000 ден. |
| **4.** | Чистење на културно-историски знаменитости во с. Брод | 500 $m^2$ | 14,4 | 1 | 7.200 ден. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно:** | **18.500 m²** | 14,4 | | **266.400 ден.** |

Потребни финансиски средства за одржување и чистење на отворени бетонирани каналчина за одведување на атмосферска вода и одржување и чистење на излетнички места:

| **Ред. број** | **Категорија** | **Површина во m²** | **Единечна цена (ден/m²)** | **Износ во денари** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Прва категорија | 15.000 m² | 15,72 | 279.000 ден. |
| **2.** | Втора категорија | 18.500 m² | 12 | 266.400 ден. |
| | **Вкупно:** | **33.500 m²** | | **545.400 ден.** |

## ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИ ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

| **Ред. број** | **Работно место** | **Број на извршители** |
|---|---|---|
| **1.** | Возач | 1 |
| **2.** | Работници за чистење,косење и кастрење | 2 |
| **3.** | Привремено ангажирани работници преку Агенција за привремени вработувања | 1 |
| | **Вкупно:** | **4** |

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Програмата ја изготви Општина Новаци во соработка со ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци во која се извршени сериозни интервенции како во опфатот на површините за одржување, така и во прецизирање и детализирање на фрекфренцијатана одржување.

Во програмата е даден приоритет на површините кои ќе ги одржува изведувачот на програмата, во случајот - ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци, според густината на населеност, фрекфренција на граѓани и сообраќај, постоење на социјални, културни и воспитно - образовани објекти.

При изготвување на програмата земено е во предвид мислењето на надлежните инспекциски служби во Општината преку нивната работа на терен и мислењето на стручните служби во ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци.

Со спроведување на оваа Програма ќе се подобри квалитетот во одржувањето на јавната чистота, со што ке се обезбедат поквалитетни услови за живот и почиста животна средина во општината.

# НАДЗОР ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА

Надзор и контрола во спроведување на програмата за одржување на јавна чистота врши Општна Новаци, односно одделениетo за инспекциски надзор.

## БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Средствата за реализација на програмата ќе бидат обезбедени од буџетот на Општина Новаци по доставена месечна фактура и спецификација на извршените работи за одржување на јавната чистота, согласно Програмата од страна на ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**

| **Ред. број** | | **Површина во $m^2$** | **Вкупна вредност** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Чистење на јавни површини со метење | 3.884.072 $m^2$ | 2.563.488 ден. |
| **2.** | Чистење на јавни површини со миење | 4.510.764 $m^2$ | 1.473.315 ден. |
| **3.** | Одржување на паркови и зеленило | 37.080 $m^2$ | 2.615.885 ден. |
| **4.** | Одржување и чистење на отворени бетонски каналчиња и одржување и чистење на излетнички места | 33.500 $m^2$ | 545.400 ден. |
| | **Вкупно:** | **8.465.416 $m^2$** | **7.198.088 ден.** |

За да се реализира Програмата за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2026 година, потребни се финансиски средства во износ од 7.198.088 денари.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

за прогласување Програма за одржување на локални водоводи на територијата на Општина Новаци за 2026 година

1. Се прогласува, Програма за одржување на локални водоводи на територијата на Општина Новаци за 2026 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 15.12.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-953/9 Општина Новаци
18.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 24 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Сл. весник на РМ“ бр. 68/2004, 28/2006, 103/2008, 17/2011, 54/2011, 163/2013, 10/2015, 147/2015 и 31/2016 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 21/2021), член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. весник на РМ,, бр. 5/2002 и ,,Сл. весник на РСМ,, бр. 202/24 ), член 21 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Новаци (,,Сл. гласник на Општина Новаци,, бр. 7/2019 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 15.12.2025г., донесе

# ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ВОДОВОДИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2026 ГОДИНА

Оваа програма се донесува со цел да се обезбеди стабилно и квалитетно водоснабдување за сите жители на Општина Новаци. Управувањето со локалните водоводи е од витално значење за подобрување на животниот стандард и заштита на јавното здравје, како и за обезбедување ефикасна и одговорна употреба на водните ресурси.

Со Одлука бр. 07-677/22 од 18.08.2014 година, Советот на Општина Новаци ја предаде надлежноста за стопанисување со локалните водоводи во населените места Бач, Брод и Живојно на ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци. Од тој момент, претпријатието ги презеде обврските за редовно одржување, сервисирање и обезбедување на хигиенски исправна вода за пиење во овие населени места.

Дополнително, за населените места во кои водоводните системи се управуваат од месните заедници, ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци, по барање на Општина Новаци, ќе извршува реконструкции, интервенции и други активности. Овие услуги ќе се наплатуваат согласно ценовникот на претпријатието и ќе се финансираат од буџетот на Општината.

Оваа програма за 2026 година претставува основа за организирано и транспарентно управување со локалните водоводи. Во неа се дефинирани целите и очекувањата од реализирањето на програмата, активностите и финансискиот план на програмата. Програмата е усогласена со плановите за развој на инфраструктурата на општината и со потребите на локалното население.

Целта на оваа програма е да обезбеди ефикасна и одржлива инфраструктура за водоснабдување преку јасно дефинирани активности и финансиски механизми, со што ќе се поттикне подобрување на квалитетот на животот и заштита на природните ресурси.

## ЦЕЛИ И ОЧЕКУВАЊА ОД РЕАЛИЗИРАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА

Главната цел на оваа програма е да се обезбеди стабилен, сигурен и квалитетен водоснабдителен систем за жителите на Општина Новаци. Програмата е креирана со намера да одговори на тековните предизвици поврзани со одржувањето на локалните водоводи и да ги унапреди услугите за водоснабдување преку ефикасно управување и одржување на инфраструктурата.

Конкретно, целите вклучуваат:

- Континуирано и квалитетно водоснабдување: Обезбедување чиста, безбедна и достапна вода за пиење за сите жители на населените места Бач, Брод и Живојно;
- Редовно одржување на водоводната мрежа: Спроведување на активности за превентивно и тековно одржување на пумпните станици, резервоарите и водоводните линии;

- Унапредување на јавната здравствена заштита: Обезбедување редовни контроли на квалитетот на водата преку редовни лабораториски испитувања и хлорирање на водата;
- Промоција на одржливост: Намалување на губитоците на вода, подобрување на енергетската ефикасност на пумпните системи и заштита на природните ресурси;
- Финансиска одржливост: Обезбедување транспарентно финансирање на активностите преку планиран буџет и наплата на услугите согласно утврдените цени.

Со реализацијата на оваа програма се очекува подобрено подобрување на квалитетот и достапноста на водата за жителите во Бач, Брод и Живојно, како и навремено одговарање на барањата за интервенции во останатите населени места, намалување на дефектите и прекините во водоснабдувањето преку редовно одржување и модернизација на инфраструктурата, Намалување на губитоците на вода и зголемување на енергетската ефикасност на пумпните станици.

## АКТИВНОСТИ

Во рамките на оваа програма, ќе се спроведуваат следните активности за тековно и реконструктивно одржување на локалните водоводи:

1. **Редовно одржување на водоводот во населените места Бач, Брод и Живојно**:
- Сервисирање на пумпните станици за обезбедување постојан воден притисок;
- Редовно хлорирање на водата со натриум хипохлорид;
- Лабораториски испитувања на квалитетот на водата од страна на Центарот за јавно здравје – Битола.

2. **Реконструкции и замена на делови на водоводните мрежи на територија на Општина Новаци**:
- Реконструкција на постоечките резервоари и шахти за водоводните системи;
- Замена на застарените цевководи, водоводни црева, вентили и други инфраструктурни и водоводни елементи.

## ФИНАНСИСКИ ПЛАН

Финансискиот план на оваа програма е внимателно дизајниран со цел да обезбеди доволно средства за успешно спроведување на сите планирани активности во 2026 година, кои ќе придонесат за одржување на квалитетот и стабилноста на водоснабдувањето во Општина Новаци.

Планираниот буџет за реализација на програмата изнесува 900.000 денари, кои ќе бидат целосно наменети за редовно одржување и сервисирање на водоводните системи, како и за неопходни реконструкции на инфраструктурата. Средствата ќе овозможат континуитет во обезбедувањето на безбедно и квалитетно водоснабдување за граѓаните на населените места Бач, Брод и Живојно, како и за останатите села во Општина Новаци каде водоводите се под управување на месните заедници.

Буџетот ќе биде распоредени на следниве клучни активности:

- Одржување и сервисирање на водоводните системи: Ова вклучува редовни проверки и сервисирање на пумпните станици, како и откривање и отстранување на дефекти во водоводните линии и инфраструктура. За овие активности ќе бидат предвидени средства за набавка на резервни делови, материјали за хлорирање и други неопходни ресурси;

- Електрична енергија за пумпните станици: Пумпните станици во населените места Бач, Брод и Живојно се клучен дел од системот за водоснабдување, а нивното редовно функционирање е зависно од снабдувањето со електрична енергија. За оваа намена, ќе бидат обезбедени средства кои ќе покриваат трошоците за електричната енергија потрошена од пумпните станици;
- Реконструкција на инфраструктурата: Иако не се предвидени големи обнови, програмата ќе опфати реконструкција и замена на стари и дотраени делови од водоводните линии, како и поправки на пумпните станици. За овие активности ќе се обезбедат средства за набавка на неопходни материјали и технички ресурси, како и за ангажирање на стручни работници за извршување на реконструктивните работи.

Со овој буџет, се очекува да се одржи стабилноста на водоснабдувањето, да се обезбеди квалитет на водата, како и да се подобри ефикасноста на пумпните станици, што ќе придонесе за целосно функционален и одржлив водоводен систем на територијата на Општина Новаци. Финансиските средства ќе бидат искористени на транспарентен и ефикасен начин, во согласност со програмските обврски и согласно потребите на заедницата.

## ЗАКЛУЧОК

Со реализацијата на Програмата за одржување на локалните водоводи на територијата на Општина Новаци за 2026 година, се создава стабилна основа за понатамошен развој на водоснабдителниот систем и обезбедување на постојан квалитет на водата за пиење. Планираните активности за редовно одржување, реконструкција на инфраструктурата и оптимизација на енергетската ефикасност ќе обезбедат континуитет во функционирањето на водоводните системи во населените места Бач, Брод и Живојно, како и во останатите населени места под управување на месните заедници.

Оваа програма ќе допринесе за подобрување на квалитетот на животот на жителите, преку обезбедување на сигурно и чисто водоснабдување, намалување на дефектите и прекините во водоснабдувањето, како и поддршка на одржливото користење на водните ресурси.

Финансиската транспарентност и рационалното користење на средствата ќе осигурат успешна имплементација на програмата и долгорочен позитивен ефект врз локалната заедница.

За успешноста на оваа програма, како и за продолжување на нејзината примена и развој, од клучно значење е постојаното следење и оценување на резултатите, како и соработка со сите релевантни институции и заедници.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување Програма за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2026 година**

1. Се прогласува, Програма за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2026 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 15.12.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-953/10 Општина Новаци
18.12.2025 Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Сл. весник на РМ“ бр.149/14, 149/15 и 53/16 и ,,Сл. весник на РСМ “ бр.65/23), член 36 став 1 точка 15 од Закон за локална самоуправа („Сл. весник на РСМ“ бр.5/02 и ,,Сл. весник на РСМ “бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 50 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 15.12.2025 донесе :

**П Р О Г Р А М А**
**За заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2026 година**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Програма се утврдуваат активностите и третирањето на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, условите,организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирање.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во Општина Новаци.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општата цел на Програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се преземат на територијата на Општина Новаци за ефикасна контрола и заштита на популацијата на кучиња како и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојба на животните.

## 3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на Програмата е определување на мерки и активности што треба да се преземат во 2026 година за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња.

Активности за хумано третирање на бездомни кучиња – скитници на територијата на Општина Новаци ќе опфатат:

- Заловување на кучињата
- Транспорт до прифатилиште
- Прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина
- Лабораториско испитување на заразни болести, согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста. Со кучињата кои ќе бидат позитивни на болеста Лајшманиоза ќе се постапува во согласност со Годишната наредба за здравствена заштита на животните .

- Спроведување на тест за социјализација на заловените бездомни кучиња и превземање посебни мерки со оние кучиња за кои ќе се утврди дека се опасни.Со опасните кучиња ќе се постапува во согласност со актуелните законски прописи.
- Ветеринарно медицински третман на кучињата
- Постоперативно сместување и нега
- Вакцинација и дехелментација
- Обележување со микро – чип
- Обележување на кучињата со ушни маркици согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните
- Враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата
- Еутаназија на кучињата, согласно прописите од областа на ветеринарното здравство
- Едукација и подигнување на јавната свест кај населението

## 4. ПРЕСТОЈ ВО ПРИФАТИЛИШТЕ, ВЕТЕРИНАРНО МЕДИЦИНСКИ ТРЕТМАН И ПОНАТАМОШНО ПОСТАПУВАЊЕ СО ТРЕТИРАНИТЕ КУЧИЊА

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиште, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.

Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на доктор по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Еутаназија се врши:

- Во согласност со важечките законски прописи и наредби
- Кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза , тешко повредени животни и животни кои видливо страдаат или се стари и изнемоштени
- Кога кучињата претставуваат опасност кон луѓето и други животни
- Кога кучињата поминале минимум временски период потребен за исцрпување на можноста за вдомување

Медицински третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство за ветеринарно – медицински третман на бездомните кучиња од прифатилиштето за што треба да се поседува валиден склучен договор, односно во посебен дел за оперативно и болничко лекување во прифатилиштето доколку го поседува.

Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат – стерилизираат. По завршената операција и постоперативно опоравување животните се враќаат назад во прифатилиштето, односно во делот за престој каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно – хигиенските прописи: боксовите редовно се чистат, се врши нивна дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор.

Изведувачот на Програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена

јама на соодветна депонија, а исто така се собираат и транспортираат фекалиите и отпадот од прифатилиштето.

Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и се третираат со средства против ендопаразити и ектопаразити.

Третираните кучиња обележани со микро чип се враќаат на реонот на заловување или се вдомуваат. Вдомените кучиња се регистрираат во ветеринарно информативен систем. Приоритет ќе се дава на вдомување на животните.

## 5. ЕДУКАЦИЈА И ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Изведувачот на програмата е должен да обезбеди комуникација со граѓаните преку различни форми, да спроведува едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомните кучиња, да организира акции и настани за вдомување на кучињата. Општина Новаци во соработка со локалните образовни и социјални институции ќе ги запознава најмладите категории на граѓани со етичките и законски обврски на сопствениците на миленици преку едукативни предавања.
За сите активности поврзани со извршување на оваа програма Општина Новаци ќе ги известува и информира граѓаните преку соопштенија истакнати на јавни места, ВЕБ страната на општината, социјалните мрежи.

## 6. ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

Општина Новаци има направено анализа на терен на состојбата со бездомните кучиња и утврдено дека на територијата на општина Новаци има околу 150 бездомни кучиња .Планираме на годишно ниво да вршиме заловување и третман на 110 бездомни кучиња.

Заловувањето и третирањето на бездомните кучиња ќе се врши во секое населено место во Општина Новаци по претходна пријава од страна на жителите во Општина Новаци.

| | **Спецификација** | |
|---|---|---|
| | **1.Заловување, транспорт, идентификација и евиденција** | |
| **1.** | Заловување на бездомни кучиња | **30.000 ден** |
| **2.** | Идентификација и евиденција | **30.000 ден** |
| **3.** | Транспорт до прифатилиште | **10.000 ден** |
| **4.** | Карантински престој | **10.000 ден** |
| **5.** | Престој во прифатилиште | **20.000 ден** |
| | | |
| | **2.Медицински третман на кучињата** | |

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Лабараториско испитување на болеста Лајшманиоза | **30.000 ден** |
| **2.** | Стерелизација и кастрација | **30.000 ден** |
| **3.** | Тест за социјализација на заловените бездомни кучиња | **30.000 ден** |
| **4.** | Постоперативно сместување и нега | **30.000 ден** |
| **5.** | Еутаназија | **30.000 ден** |
| | | |
| | **Тековно одржување на прифатилиштето** | |
| **1.** | Обезбедување на храна, лекови и средства за дезинфекција | **10.000 ден** |
| **2.** | Комунални трошоци | **10.000 ден** |
| **3.** | Ангажиран персонал | **10.000 ден** |
| **4.** | Непредвидени трошоци | **10.000 ден** |
| **5.** | Организирање на јавни настани и манифестации | **12.000 ден** |
| **6** | Тест за социјализација на куче | **52.000 ден** |
| | **ВКУПНО:** | **350.000,00 ден** |

Средствата за реализација на активностите ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Новаци ЗА 2026 година.

**7. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА**

Заштитата на бездомните кучиња ќе се врши преку склучување на договор за услуги за **"Заловување и стручен третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот"** со регистрирано и одобрено прифатилиште од Агенцијата за храна и ветринарство . Склучувањето на договорот ќе се оствари по претходно спроведување на јавна набавка согласно законските прописи од областа на јавни набавки.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Новаци.

Општина Новаци
Претседател на Совет
Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување План за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2026 година**

1. Се прогласува, План за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2026 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 15.12.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

| | |
|---|---|
| 08-953/11 | Општина Новаци |
| 18.12.2025 | Градоначалник |
| Новаци | Стевче Стевановски |

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Сл. весник на РМ“ бр. 149/14, 149/15, 53/16 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 65/23), член 36 став 1 точка 15 од Закон за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 21 став 1 точка 50 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и 16/24), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 15.12.2025 год. донесе:

**П Л А Н**

**за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2026 година**

## 1. ВОВЕД

Едногодишниот план за решавање на проблемот со бездомните животни – третман на бездомните кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, се базира на одредбите содржани во членовите 26, 27, 28, 29 и член 30 од Законот за заштита и благосостојба на животните (,,Службен весник на Република Македонија`` бр. 149/14; 149/15 и 53/16 и „Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 65/23) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон.

Со овој План се утврдува стратегијата,активностите за третирање на бездомните животни, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето, за планиран период од една година,односно 2024 година, за кој период сметаме дека ќе успееме во обврската да ја ставиме под контрола популацијата на кучињата на територијата на Општина Новаци.

За решавање на проблемот поврзан со зголемено присуство на бездомните животнии, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација, како единствено ефикасен и одржлив е препорачан хуманиот начин на третирање на овие животни, т.е. нивната масовна стерилизација, вакцинација и повторно враќање на територијата од која се заловени, што ќе се уредува со носење на Годишни програми и дополнувања.

Поточно, со Планот и годишната програма се предвидува заловување и масовна стерилизација/кастрација и вакцинација на бездомните животни, т.е. сите животни дефинирани како слободни на одредена територија. По стерилизацијата/кастрацијата и вакцинација на животните истите се враќаат на територијата од којашто биле заловени и каде што продолжуваат да живеат. Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект препорачливо е 70% од кучињата во одредено географско подрачје да се стерилизираат/кастрираат во рок од 6 месеци. Со 75% стерелизирани/кастрирани единки, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа. По стерилизација/кастрација сите животни ќе се вакцинираат, ќе се обележат ( ушна маркичка или чип ), ќе се фотографираат и регистрираат.

## 2. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

Општина Новаци како основен носител на Планот и Годишната програма и релевантен субјект во решавање на проблемот со бездомните животни на својата територија, ќе се раководи од следните принципи:

**2.1. Принцип на континуитет** – Едногодишниот План ќе се остварува со донесување и реализација на годишната програма, со градење на стратегија и ќе се надоврзува на останати проекти кои се претходно направени, усвоени и преименувани во оваа област ( или алтернативно кои ќе бидат направени ).

**2.2. Универзален принцип** – со Планот се предвидува сеопфатно третирање и надминување/решавање на проблемите во врска со чувањето на животни од неодговорен однос кон животните, нивно неадекватно чување и неконтролирано размножување, како и напуштање и занемарување, проблеми кои се во најголема мерка главен причинител за зголемување на бројот на напуштени животни. Од тие причини клучно е да се превземат мерки кои ќе резултираат со зголемување на одговорноста на сопствениците на животни.

ЈКПД ,,Комунална хигиена " - Новаци ќе врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните, согласно дополнувањето на Одлуката за комунален ред.

Општината навремено преку средства за јавно информирање е должна да ја извести јавноста за времето и начинот на спроведување на мерките за заштита на населението.

Општина Новаци во соработка со локалните образовни и социјални институции ќе ги запознава најмладите категории на граѓани со етички и законски обврски на сопствениците на миленици, преку едукативни предавања.

**2.3. Принцип на одржливост** – Планот воспоставува систем за контрола и со самото тоа намалување на популацијата на бездомни кучиња од населението во општината, со што трајно ќе се реши овој проблем, односно ќе има постојана контрола на него.

Обрзованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирањето на едукативни кампањи насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенција меѓу луѓето и животните и одговорен однос кон животните. За да се постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни, да се вклучат сите категории на граѓани ( возрасни, млади и деца ), со вклучување на сите релевантни чинители ( на пример училиштата и медиумите ), како и луѓето кои работат со животни. Главни аспекти се однесуваат на следново:

- Да се воведе концептот на одговорно сопствеништво, важноста од стерилизција, вакцинација, идентификација и регистрација;
- Да се поттикнат сопствениците да се стерилизираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици;
- Да се поттикнат и промовираат најдобрите практики од соседните земји;
- Да се промовира одговорна грижа за ,,маалските`` - бездомни кучиња;
- Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошки и етиолошки потреби на милениците;
- Да се поттикни волонтерството во прифалиштата за кучиња и одговорното вдомување;
- Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;
- Да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи;

- Да се обучат луѓето кои работат со животни ( како во прифалиштата, така и на улиците ).

**2.5.Принцип на соработка** – Планот се реализира преку заеднички напори и соработка на релевантните државни и локални власти, ветеринарни организации, комуналните претпријатија и пред се здруженијата за заштита на животни.

**3. ОСНОВНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ**

Главна цел на Планот на контрола над популацијата на бездомните кучиња во Општина Новаци е ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здраствена заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица преку:

1) Спроведување на стратегијата ,,залови – стерилизирај – вакцинирај – врати `` на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот,
2) Комплементарност со друг вид мерки предвидени во рамки на Одлука за комунален ред и/или друг вид правни акти во надлежност на општината, со кои ќе се поттикне и дефинира одговорното чување на домашни миленици ( забрана за неконтролирано размножување на милениците освен во услови дефинирани со Законот за заштита и благосостојба на животните и забрана за нивно напуштање ).

Со спроведувањето на едногодишниот план се воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на напуштени кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки ( непознати на населението, репродуктивно способни), со што ќе се избегнат непријатностите и потешките последици за граѓаните и самите животни.

Контролата на популацијата на бездомните кучиња првенствено се постигнува со стерилизацијата/кастрацијата, вакцинација, обележување и повторно враќање на животните на територијата од која што биле заловени, и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Со тоа се превенираат несакани раѓања, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехумано усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните – кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници кои се резултат на женки во циклус, се урамнотежува хорманален статус на животните, случаите на каснувања опаѓаат за 95%. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и здрави. Се воспоставува контрола на теренот при што се исклучува можноста за појава на беснило. Обележаните кучиња се познати на населението и имаат поголеми шанси да се вдомат. Вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата, локацијата од миграција на други единки со што се превенираат болести и зарази. Трошоците се еднократни и разумни, нема непотребни трошоци за долготрајни стационирање на животните во прифатилиштата.

Со позитивни законски акти кои ќе го опфатат одговорното сопствеништво и примена на системска стерилзација/кастрација, проблемот се решава ефикасно, хумано и трајно.

``Залови – стерилизирај – вакцинирај – врати,, е востановена како единствена ефикасна стратегија и од страна на Светската Здравствена Организација.

Напорен сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација на кучиња од страна на нивните сопственици во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање животни (трајно обележување чипови и регистрација на

сопствениците на кучињата, едукација на сопствениците, казнување за неодговорните сопствениците).

## 4. ПРЕДМЕТ НА ПЛАНОТ

Предмет на Планот е определување на мерки и активности што треба да се превземат во период од 2026 година за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња.

Активностите за хумано третирање на бездомните кучиња-скитници на територијата на Општина Новаци подразбираат:

- Заловување на кучињата,
- Транспорт до прифатилиште,
- Прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина,
- Лабораториско испитување на заразни болести, согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста. Со кучињата кои ќе бидат позитивни на болеста Лајшманиоза ќе се постапува во согласност со Годишната наредба за здравствена заштита на животните .
- Спроведување на тест за социјализација на заловените бездомни кучиња и превземање посебни мерки со оние кучиња за кои ќе се утврди дека се опасни
- Ветеринарно медицински третман на кучињата, овариохистеректомија и орхиектомија,
- Постоперативно сместување и нега,
- Вакцинација и дехелментација,
- Идентификација и водење евиденција,
- Обележување на кучињата со ушни маркици кои ќе бидат вратени во реонот за заловување согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните
- Враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата,
- Еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното здравство,
- Едукација и подигнување на јавната свест кај населението.

### 4.1. Заловување и транспорт

Процесот на заловување на бездомните кучиња претставува првата активност која е директно изложена на судот на јавноста. Квалитетот на заловувањето, однесувањето на персоналот кон јавноста и особено кон заловените животни може да даде позитивна слика за целата активност, но од друга страна, некоректно сработено, може да ги траумира животните, изложи на физичка и психолошка болка, а последователно и да предизвика многу несакани реакции од лицата во непосредна околина кои се грижат за кучињата и случајните минувачи. Заради тоа, изборот на персоналот треба да биде соодветен на самата процедура, лицата треба да бидат обучувани и сертифицирани за користење на методите за хумано заловување, но пред се да не се чувствуваат анимозитет и прерасуди кон бездомните кучиња, како и да се способни да контактираат со луѓето на начин кој нема да ја компромитира акцијата.

Работниците ангажирани за заловување на бездомните животни треба да се опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило и приколка, јамки и мрежи за заловување, пушка ( сафари ) за привремено успивање со средство за времена парализа – успивање, корпи – кафези за транспорт, околувратници и водилки. На лице место се врши теренска идентификација на посебни обрасци за евиденција и идентификација – секое заловено куче веднаш се евидентира, се

заведуваат податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци, место на заловување и др.

Транспорт од местото на заловување до прифатилиште, се врши со специјално возило опремено со соодвена опрема за сместување на животните.

**4.2. Престој во прифатилиште, ветеринарно медицински третман и понатамошно постапување со третираните кучиња.**

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиште, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија. Прифалиштето треба да обезбедува елементарни услови за спроведување на соодветни мерки и персонал за ефикасна заштита на животните, редовно хранење и напојување и доколку е потребно лекување на животните.

Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на договорот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловени кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Медицински третман на здрави кучиња ќе се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до Ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенција за храна и ветеринарство за ветеринарно медицински третман на бездомните кучиња од прифатиштето, за што треба да се поседува валиден склучен договор, односно во посебен дел за оперативно и болничко лекување во прифалиштето доколку го поседува. Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизираат. По завршената операција и пост оперативно опоравување животните се враќаат назад во прифалиштето, односно во делот за престој во прифатилиштето каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно да се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор. Изведувачот на програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена гробна јама на соодветна комунална депонија, а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштата.

Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и се третираат со средство против ендопаразити и ектопаразити. Третираните кучиња и обележани со микрочип се враќаат во реонот на заловување или се вдомуваат, а вдомените се регистрираат во ветеринарно информативен систем. Приоритет ќе се дава на вдомување на животните.

Еутаназија ќе се врши:

- Во согласност со важечките законските прописи и наредби,
- Кога животното е заболено од зараза или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго или со несигурна прогноза, тешко повредени животни, животни кои видливо страдаат или стари изнемоштени животни,
- Кога кучињата претставуваат опасност кон луѓето или другите животни и
- Кога кучињата поминувале минимум временски период за исцрпување на можноста за вдомување.

### 4.3 Едукација и подигнување на јавната свест кај населението

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Промовирање на разни форми на комуникација со граѓаните, спроведување едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, организирање акции и настани за вдомување на кучиња, се важен дел кој на подолг рок ќе го ограничи бројот на кучиња на улица и ќе овозможи одржливост на планските активности.

## 5. ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

Општина Новаци има направено анализа на терен на состојбата со бездомните кучиња и утврдено дека на територијата на општина Новаци има околу 150 бездомни кучиња .Планираме на годишно ниво да вршиме заловување и третман на 110 бездомни кучиња. Согласно Планот, сите подетални активности ќе се предвидат во Годишни програми за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територија на Општина Новаци.

## 6. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите кои се предвидени во Планот, а ќе бидат подетално опишани во Годишната програма, ќе се финансираат од Буџетот на Општина Новаци за 2026 година.

За 2026 година Општина Новаци планира сума од 350.000,00 денари со вклучен ДДВ .

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Планот за контрола за популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Новаци, за 2026 година, ќе се применува по одобрување на истиот од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и донесување од страна на Советот на општината.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и бр. 16/24), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе:
